Република Северна Македонија
Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите

Годишен извештај за имплеметација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-25)

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

На 87-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 13 јули 2021 година усвоена е Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем на Република Северна Македонија (2021-2025).

Националната стратегија за развој на пенитерцијарниот систем (2021-2025) е изработена во соработка со Совет на Европа во рамките на проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во Северна Македонија".

Во насока на следење и оценка на спроведување на активностите предвидени во Националната стратегија, а со цел постигнување успешно, објективно и доследно спроведување на акцискиот план, потребен е соодветен мониториг. За следење и оценка на спроведување на активностите предвидени во Националната стратегија, а со цел постигнување успешно, објективно и доследно спроведување на акцискиот план, потребен е соодветен мониториг.

Во таа насока, Владата на Република Северна Македонија ја донесе Одлуката за формирање на интер-ресорската група за следење и оценка на спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/22) и Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на интер-ресорската група за следење и оценка на спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.267/23).

Согласно член 3 од Одлука за формирање на интер-ресорската група за следење и оценка на спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" 122/22 година), интер-ресорската група е задолжена да одржува состаноци за следење и оценка на Националната стратегија за развој на пенитерцијаниот систем во Република Северна Македонија; да ја следи и координира реализацијата на стратешките цели предвидени во Националната стратегија за развој на пенитерцијаниот систем во Република Северна Македонија; да дава иницијативи, согледувања и предлози со цел реализација на стратешките цели во Националната стратегија за развој на пенитерцијаниот систем во Република Северна Македонија и да подготвува Годишен извештај за имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија и ја известува Владата на Република Северна Македонија за преземените активности.

Во Стратегијата се предвидени 12 стратешки цели и тоа:

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 - Подобрување на материјалните услови во пенитенцијраните установи;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 - Зајакнување на капацитетите на раководството и надзор над пенитенцијарниот систем;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 - Зајакнување на професионалноста на затворската управа преку структуирана и напредна обука;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 - Обезбедување безбедна средина за осудените лица и персоналот во КПУ и ВПУ;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5 - Зајакнување на процесот на ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, вкучително и на пост-пеналната грижа;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 6 - Подобрување на третманот и грижата за деца кои издржуваат мерка упатување во ВПД;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 7 - Подобрување на корпоративниот интегритет, јакнење на механизмите за справување со случаите на копрупција;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 8 - Зајакнување на обезбедувањето на здравствената заштита на осудените лица, вклучително и заштита на менталното здравје;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 9 - Зајакнување на образованите структури и структурите за обука врз основа на индивидуалните потреби;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 10 - Адресирање на радикализацијата која води кон насилен екстремизам во затворите;
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 11 – Пробација и
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 12 - Воведување на ефикасни внатрешни и надворешни структури за комуникација насочени кон подршка на ресоцијализација.

Во рамките на подготовката на овој Извештај беше извршена сеопфатна евалуација и оценка на реализираните активности не само за извештајната година, туку и за целиот период на спроведување на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021–2025). Имајќи предвид дека 2025 година претставува последна година од периодот на важност на Националната стратегија, не беа предлагани нови временски рокови за реализација на преостанатите активности. Согласно тоа, при подготовката на Извештајот беше применет методолошки пристап насочен кон утврдување на вкупниот степен на реализација на предвидените стратешки цели, мерки и активности во текот на целиот период на спроведување на Националната стратегија. За таа цел, беше извршена проценка на степенот на реализација на секоја активност преку следните категории: 🟢 реализирано, 🟡 делумно реализирано/во тек, 🔴 нереализирано и 🔵 континуирана активност со напредок. Ваквиот пристап овозможи да се добие јасна и сеопфатна слика за постигнатиот напредок и за состојбата со реализацијата на стратешките цели во текот на целиот период на спроведување на стратегијата. Воедно, на крајот од Извештајот се дадени препораки и насоки кои можат да послужат како основа за понатамошно унапредување на пенитенцијарниот систем и за креирање на нов стратешки документ.

Преглед на реализирани стратешки цели на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во РСМ
(2021-2025)

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: **Подобрување на материјалните услови во пенитенцијарните установи**			
Стратешка цел 1.1 **Зголемени сместувачки и просторни капацитети и подобрени услови за престој и работа во казнено-поправните установи (КПУ) и воспитно-поправните установи (ВПУ)**			
	Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
1.1.1.	Да се продолжи со спроведувањето на „Проектот за реконструкција на КПУ“ за реконструирање, реновирање, изградба и опремување на КПД Идризово (втора фаза)	Делумно реализирано / во тек	🟡	Показателот предвидува завршено реконструирање, реновирање, изградба и опремување на КПД Идризово. Во 2025 година е постигнат конкретен напредок преку реновирање на VIII крило за 60 осудени лица, но втората фаза од проектот не е целосно реализирана и главните инфраструктурни предизвици остануваат актуелни.
1.1.2	Изградба на објекти во КПД Прилеп и КПД Штип	Нереализирано	🔴	Показателот предвидува завршена изградба на објекти. Во 2025 година се реализирани повеќе интервенции во КПД Штип, вклучително подобрување на осветлувањето, прозорците, просториите и парното греење, но нема целосна реализација на изградба на нови објекти во предвидениот обем.
1.1.3	Обнова, реновирање и изградба на објекти во КПУ	Континуирана активност со делумен напредок	🔵	Показателот предвидува завршена обнова, реновирање и изградба. Во 2025 година се реализирани повеќе реновирања и подобрувања во КПД Идризово, Затвор Скопје, КПД Штип, Затвор Струмица, ВПД Тетово, Затвор Гевгелија, КПД Прилеп, Затвор Куманово и Затвор Охрид. Напредокот е видлив, но останува фрагментиран и не претставува целосно

			системско решавање на инфраструктурните проблеми во сите установи.
1.1.4 Подобрување на постојните и изградба на здравствени капацитети	Нереализирано	🔴	Показателот предвидува подобрени постојни и изградени здравствени капацитети. Во 2025 година не се нотира целосно или системско подобрување на здравствената инфраструктура во КПУ и ВПУ, ниту изградба на нови здравствени капацитети. Потребен е посебен план и координација со Министерството за здравство.
Стратешка цел 1.2 **Ефикасно искористување на постојните капацитети на КПУ и ВПУ**			
1.2.1 Подготовка на годишна програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ и ВПУ	Реализирано како континуирана активност	🟢	Активноста се реализира како континуирана практика преку подготовка на годишни програми за финансирање, реконструкција, одржување и опремување. Сепак, останува прашањето дали обезбедените средства се доволни за реалните инфраструктурни потреби.
1.2.2 Подготовка на Годишен план за одржување на постојните објекти во рамките на секоја КПУ и ВПУ	Реализирано како континуирана активност	🟢	Активноста е реализирана во формална смисла како континуирана практика, но нејзиниот реален ефект зависи од доследната имплементација, финансиските средства и капацитетите на установите.
Стратешка цел 1.3 **Телекомуникации/контакт со надворешниот свет**			
1.3.1 Да се обезбеди сигурен телекомуникациски систем во секоја установа	Делумно реализирано / во тек	🟡	Показателот предвидува воведен сигурен телекомуникациски систем и поставени блокатори за мобилни телефони во КПУ и ВПУ. Активноста е делумно реализирана, но не е воспоставен единствен, сигурен и унифициран систем во сите установи. Потребно е системско решение со јасни стандарди и еднаква примена.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 1 има вкупно 7 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🟢 Реализирано – 29%
- 🟡 Делумно реализирано / во тек – 29%
- 🔴 Нереализирано – 28%
- 🔵 Континуирана активност со напредок – 14%

Во текот на 2025 година беа реализирани повеќе активности насочени кон подобрување на материјалните услови, функционалноста и безбедноста во дел од казнено-поправните установи. Иако овие активности претставуваат позитивен чекор во насока на подобрување на условите за престој, работа и третман, реализацијата на Стратешката цел 1 и понатаму може да се оцени како делумна, имајќи предвид дека најголемите инфраструктурни и системски предизвици остануваат нерешени или се во тек.

Во КПД Идризово, во јуни 2025 година беше извршено реновирање на VIII крило, со што беа подобрени условите за сместување на вкупно 60 осудени лица. Оваа активност има посебно значење затоа што придонесува кон делумно растоварување на затворението одделение, кое подолг временски период се соочува со сериозен притисок во поглед на сместувачките капацитети, материјалните услови и безбедносното управување. Иако реновирањето на едно крило не може да се смета за целосно решение на проблемот со пренатрупаноста и застарената инфраструктура во КПД Идризово, тоа претставува конкретна и видлива интервенција со непосреден ефект врз условите за престој на дел од осудените лица.

Во ноември 2025 година, во КПД Идризово беше пуштено во употреба детско катче, реализирано со поддршка на Советот на Европа, Управата на КПД Идризово и службените лица од установата. Оваа активност е значајна од аспект на одржувањето на семејните врски на осудените лица, особено во однос на контактите со децата, и претставува позитивен пример за хуманизација на затворската средина. Ваквите активности имаат пошироко значење за ресоцијализацијата, бидејќи одржувањето на семејните односи е еден од важните фактори за успешна реинтеграција по отпуст.

Дополнително, на 29 мај 2025 година, по прекин од три години, повторно започна одржување судења во судницата во КПД Идризово. Од страна на Основниот кривичен суд Скопје во континуитет се закажуваат рочишта во оваа судница. Повторното ставање во функција на судницата претставува важна практична мерка, бидејќи придонесува кон поефикасно спроведување на судските постапки, намалување на потребата од транспорт на осудени и притворени лица и зголемување на безбедноста при нивно спроведување.

На 12.01.2026 година, од страна на директорот на Управата за извршување на санкциите донесена е Одлука за спроведување на јавна набавка за Изградба на објекти во Централна сервисна единица, Притворско одделение, Затворено одделение и Инфраструктура во КПД Идризово, (Сегмент II Фаза 1).

Распишана е јавна набавка за спроведување на постапка и во тек е евалуација на понудите.

Исто така распишана е јавна набавка за стручен надзор на градба на 2 фаза на КПД Идризово. Во тек е евалуација на понудите.

Во Затвор Скопје, во текот на 2025 година беа преземени повеќе активности насочени кон подобрување на условите за работа, безбедноста и функционалноста на установата. Во октомври 2025 година беше опремена видувална за посета на притворени лица, со што се подобрија условите за остварување контакти со надворешниот свет. Поставена е нова ограда од лим и бодликава жица, со цел зајакнување на безбедноста во установата.

Во истата установа беа набавени опрема за подобрување на условите за работа на вработените, опрема за зголемување на безбедноста, информатичка и видео опрема за видеонадзор, опрема за греење и климатизација, рачни радиостаници со комплет полначи, батерии и држачи за ремен, телевизор и хелиозна жилет-жица. По пат на донација беа обезбедени два клима-уреди, телевизор, метален сеф, компјутер, сервер и друга опрема, со што се подобруваат условите за работа на Секторот за ресоцијализација и затворската полиција.

Посебно значајно е тоа што во Затвор Скопје беа подготвени проекти за решавање на долгогодишни инфраструктурни проблеми, вклучително и дизајн на капацитети за водоснабдување, како и основен проект за реконструкција на атмосферската и фекалната канализација. Овој проект има суштинско значење, имајќи предвид дека при пообилни врнежи доаѓа до излевање на атмосферската и фекалната канализација, со што се поплавува значителен дел од објектите во состав на затворот. Со тоа, прашањето на водоснабдувањето и канализацискатa инфраструктура не е само техничко прашање, туку директно влијае врз здравствените, хигиенските и безбедносните услови во установата.

Во полуотвореното одделение на Затвор Скопје беа извршени градежни работи во постојната трпезарија, при што просторот беше преграден на два дела. На овој начин се обезбедени две функционални простории: една трпезарија со мала кујна и маси за јадење, и една библиотека наменета за различни активности. Дополнително, беше реновирана и теретаната, со цел подобрување на условите за спортски и рекреативни активности на лицата сместени во установата.

Во КПД Штип, во текот на 2025 година беа реализирани повеќе активности за подобрување на материјалните услови и функционалноста на установата. Извршена е замена на осветлувањето и поставени се нови ЛЕД светилки, како и комплетна промена на прозорците со ПВЦ прозорци. Во затвореното одделение, крило 2, поставени се нови плочки, додека во приемното одделение се поставени нови кревети и извршено е бојадисување на просториите за издржување дисциплинска казна самица.

Во текот на 2025 година во КПД Штип беше извршена и набавка и монтажа на систем за парно греење, што претставува важна интервенција за подобрување на условите за престој и работа. Беа набавени и калапи за изработка на канти за отпадоци од бетон, апарати и машини за обработка на метал за изработка на заштитни кафези за контејнери за смет за градот Штип, како и машина за прскање за земјоделски површини. Овие набавки имаат значење не само од аспект на материјално-техничкото опремување на установата, туку и од аспект на можностите за работно ангажирање на осудените лица, стекнување практични вештини и поддршка на ресоцијализацискиот процес.

Во Затвор Охрид, по пат на донација, беа реновирани две простории во Одделението за притворени лица, како и ходникот во притворското одделение. Иако станува збор за помал обем на интервенции,

активностите придонесуваат кон подобрување на материјалните услови во дел од установата. Поставен е нов видео надзор со цел унапредување на безбедноста и подобра контрола во установата.

Во КПД Прилеп извршено е поплочување на бекатон плочки во шеталиште за осудените лица во Затвореното одделение и пред машинската работилница. Извршено е реновирање на купатилото во затвореното одделение. Во јуни 2025 година спроведена е Набавка на противпожарна опрема – набавка на противпожарни апарати с-9 – 7 парчиња, противпожарни апарати на CO2 од 5 кг – 2 парчиња, Професионално хидрантско црево Ф52 Л= 15 метри – 6 парчиња, кос вентил – 2 парчиња и С клуч за спојка – 2 парчиња.

Во насока на зголемување на безбедност во установата во Затвор Струмица подигнат е бетонски ѕид и дополнително е осигуран со безбедносен лимен плех. Набавени се парни котли и кујнски шпорет за потребите на установата. Поставен е и модерен видео-надзор за компетен денонoќен мониторинг во установата. Постевени се висококвалитетни рефлектори на целиот периметар во установата и завршена е изградбата на црквата во дворот на установата со помош на осудениите лица.

Во Затвор Гевгелија набавен е професионален електричен шпорет за потребите на осудените и притворените лица. Со помош на осудени лица направен е сопствен паркинг за возила на установата и на службените лица.

Во ВПД Тетово поставена е ограда, набавен е фрижидер и печка како и професионален комјутер.

Во Затвор Куманово набавен е принтер и бојлер.

Од аспект на вкупната реализација, може да се оцени дека во 2025 година е постигнат видлив, но ограничен напредок во подобрувањето на материјалните услови во дел од казнено-поправните установи. Напредокот е најизразен преку конкретни интервенции во КПД Идризово, Затвор Скопје, КПД Штип, Затвор Струмица и Затвор Охрид. Овие активности придонесуваат кон подобрување на сместувачките услови, безбедноста, работните услови на персоналот, можностите за посети, како и условите за спортски, образовни и ресоцијализациски активности.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Зајакнување на капацитетите на раководството и на затворскиот персонал и надзор над пенитенцијарниот систем			
Стратешка цел 2.1 **Зајакнати капацитети на управата на затворите**			
Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
2.1.1 Назначување на професионален затворски персонал на раководни позиции, согласно законските одредби	Делумно реализирано / во тек	●	Преземени се активности за именување директори и заменици директори согласно законските одредби. Потребна е доследна примена на критериумите за професионално искуство, интегритет и стабилност на раководните позиции.

2.1.2 Континуирана обука на директорите и нивните заменици и обуки по специфични програми	Делумно реализирано	🟡	Обуките за директорите и замениците се реализираат континуирано, со поддршка на Советот на Европа и други партнери. Не се реализирани сите обуки по специфични програми вклучувајќи недискриминација, родова застапеност и спречување семејно насилство.
Стратешка цел 2.2 **Зајакната надзорна улога на УИС врз работењето на КПУ и ВПУ**			
2.2.1 Зајакнување на надзорните функции преку формирање на Одделението за вршење на стручен надзор над третманот во КПУ/ВПУ, како и на Одделението за вршење на стручен надзор на безбедноста во КПУ/ВПУ	Делумно реализирано / во тек	🟡	Постигнат е напредок преку развивање унифицирани алатки за надзор, ревидирање на Прирачникот и Правилникот за стручен надзор, како и спроведување редовни и вонредни надзори. Потребна е целосна практична примена на новите алатки.
2.2.2 Кадровско доекипирање на Одделението за вршење на стручен надзор над третманот во КПУ/ВПУ, како и на Одделението за вршење на стручен надзор на безбедноста во КПУ/ВПУ	Реализирано / континуирано	🟢	Формирани се организациони единици за стручен надзор на третманот и безбедноста. Активноста треба да продолжи преку јакнење на стручните капацитети и редовно следење на наодите од надзорите.
Стратешка цел 2.3 **Обезбедување на потребните човечки ресурси**			
2.3.1 Ревизија и соодветна измена на систематизацијата во поединечни установи според посебните задачи, со урамнотежен сооднос персонал/осудени лица	Реализирано / континуирано	🔵	Показателите предвидуваат ревидирани систематизации и урамнотежен сооднос персонал/осудени лица. Спроведени се функционални анализи и нови вработувања, но кадровските потреби остануваат значајни, особено во поголемите установи и во секторите за безбедност и ресоцијализација. Овие активности се спроведуваат тековно во согласност со потребите на установите.
2.3.2 Утврдување на психофизички способности на лицето што заснова работен однос во затворска полиција	Реализирано / континуирано	🟢	Показателите предвидуваат донесен правилник и вработување лица во затворската полиција согласно утврдените здравствени и психофизички способности. Активноста е реализирана и се спроведува како

			континуирана обврска при нови вработувања во затворската полиција. Потребно е оваа практика да продолжи доследно и документирано.
2.3.3 Предвидлив план за кариера согласно закон	Нереализирано	🔴	Показателите предвидуваат усвоен план за кариера и унапредување согласно тој план. Иако законските измени создаваат основа за професионален развој, нема доволно податоци за усвоен и практично применет план за кариера. Потребни се јасни критериуми за напредување, унапредување и професионален развој.
2.3.4 Родова застапеност на соодветните позиции во затворскиот персонал, политиките и унапредувањето	Делумно реализирано / во тек	🟡	Активноста е делумно реализирана и треба да се следи преку конкретни податоци. Потребно е поголемо внимание на застапеноста на жените во различни служби, раководни позиции и процеси на унапредување.
Стратешка цел 2.4 **Препораки од тела што вршат надзор врз извршувањето на санкциите**			
2.4.1 Оценка на спроведувањето на дадените препораки од телата кои што вршат надзор и мониторинг	Делумно реализирано / континуирано	🟡	Показателите предвидуваат оценувачки извештаи, број на спроведени препораки и мерки или акциски планови што довеле до промена на практиките. Препораките се следат, но нивната имплементација останува делумна. Потребен е поефикасен систем за следење со јасни рокови, носители и редовно известување.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 2 има вкупно 9 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🟡 Делумно реализирано / во тек: 56%
- 🟢 Реализирано: 22%
- 🔵 Континуирана активност: 11%
- 🔴 Нереализирано: 11%

Стратешката цел 2 е насочена кон зајакнување на професионалноста и капацитетите на раководството и затворскиот персонал, унапредување на институционалниот надзор и воспоставување поефикасни механизми за отчетност, професионални стандарди и законито постапување во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Оваа цел има суштинско значење за функционирањето на пенитенцијарниот систем, бидејќи квалитетот на управувањето, кадровската екипираност, континуираната обука и ефективниот надзор директно влијаат врз

безбедноста, третманот на осудените лица, спречувањето неправилности и заштитата од несоодветно постапување.

Во насока на обезбедување професионално и ефикасно управување со казнено-поправните и воспитно-поправните установи, во текот на 2025 година беа пополнети повеќе раководни позиции во КПУ и ВПУ со кадар од затворскиот систем. На овој начин се обезбеди континуитет во работењето на установите и унапредување на професионалниот развој на вработените.

Имено, согласно член 78 став (2) од измените и дополнувањата на Законот за извршување на санкциите донесени во април 2024 година, предвидено е лицата на раководни позиции во затворската полиција од категорија Б да се избираат преку постапка за унапредување. Во таа насока беа спроведени интерни огласи и постапки за унапредување, при што се пополнија повеќе значајни раководни позиции, меѓу кои: заповедник во Затвор Скопје, заповедник во КПД Идризово, главен командир и командири во КПД Идризово, како и заповедник во КПД Штип.

Покрај тоа, унапредувања беа реализирани и во Секторот за ресоцијализација, при што беа пополнети работните места - раководители на секторите и одделенија за ресоцијализација во повеќе установи.

Овие процеси претставуваат значаен чекор кон јакнење на професионалните капацитети на вработените во затворскиот систем и обезбедување континуитет во неговото функционирање. Особено е важно највисоките раководни позиции, како во затворската полиција, така и во секторите за ресоцијализација и другите стручни служби да ги извршуваат лица кои потекнуваат од затворскиот систем, поседуваат долгогодишно искуство и ги познаваат специфичностите, предизвиците и потребите на установите.

Во делот на раководењето со казнено-поправните установи, во претходниот период беа преземени активности за именување директори и заменици директори согласно законските одредби. Во февруари и март 2025 година беа распишани јавни огласи за именување директори и заменици директори во повеќе установи, меѓу кои Затвор Куманово, Затвор Битола, КПД Прилеп, Затвор Скопје, КПД Штип и Затвор Струмица, додека за Затвор Тетово веќе беше именуван директор. Сите директори и заменици директори на КПУ и ВПУ во текот на 2025 година се изберени согласно условите предвидени во Законот за извршување на санкциите по пат на јавен оглас.

Значаен напредок е забележан и во однос на зајакнувањето на надзорната улога на Управата за извршување на санкциите. Во рамките на проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем во Северна Македонија“, поддржан од Советот на Европа и реализиран преку Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција 2023–2026, продолжија активностите за изготвување унифицирани алатки за вршење надзор, како и за ревидирање на постојниот Прирачник за вршење надзор од 2015 година и Правилникот за стручен надзор во КПУ од 2020 година. Овие активности имаат за цел да ја унапредат методологијата на надзорот, да обезбедат поголема унифицираност во постапувањето и да ја зајакнат способноста на Управата навремено да ги идентификува неправилностите во работењето на установите.

Во рамките на овој процес беа спроведени експертски мисии и активности за следење на начинот на вршење надзор во повеќе установи, вклучително и во КПД Штип и Затвор Куманово. Овие

активности беа насочени кон подобрување на надзорната методологија, зајакнување на институционалната отчетност и подобро идентификување на неправилности во функционирањето на установите и во третманот на осудените лица. На почетокот на март 2025 година беше доставен извештај од меѓународниот експерт ангажиран од Советот на Европа, по што следеше негово разгледување во насока на утврдување на потребните измени во законските и подзаконските акти што го регулираат надзорот. Во октомври 2025 година беше разгледан извештајот од спроведената мисија во Затвор Куманово, а изготвен е и извештај со забелешки во однос на примената на алатките за надзор и Прирачникот за вршење надзор во КПУ. Извештајот во ноември 2025 година доставен е до работната група на разгледување кој во јануари 2026 година е разгледна и на истиот дадени се кометари во однос на извештајот и Прирачникот од страна на членовите на работната група. Во рамките на редовните надзори се спроведува пилотирање на прирачникот со цел да се утврди текот на негова имплеметација. По спроведување на редовните надзори и практична примена на истиот по области ќе изработена конечна верзија и истиот ќе биде проследен до Советот на Европа и истиот ќе се вметне во Правилникот за спроведување на стручен надзор во КПУ и ВПУ. Изработена е драфт –верзија на Правилник за вршење на стручен надзор во КПУ и ВПУ .

Во текот на 2025 година беа реализирани 11 вонредни и 5 редовни надзори во казнено-поправните установи, вклучително КПД Прилеп, Затвор Битола, КПД Струга, Затвор Тетово и ВПД Тетово. Дополнителни надзорни активности продолжија и во текот на 2026 година, кога беа спроведени вонредни надзори во КПД Идризово, Затвор Скопје и КПД Штип. Согласно Годишниот план за редовни надзори за 2026 година, веќе се реализираат редовни надзори и заклучно со јуни 2026 година спроведени се редовни надзори во КПД Штип, Затвор Скопје и Затвор Гевгелија кои не беа опфатени и во текот на 2025 година. Овие податоци укажуваат на засилена активност на Управата во делот на надзорот и на постепено воспоставување поредовна и посистематска практика на следење на работењето на установите.

Во институционална смисла, значајно е што во Управата за извршување на санкциите претходно беа формирани две организациони единици: Одделение за стручен надзор на третман во КПУ и ВПУ и Одделение за стручен надзор на безбедност во КПУ и ВПУ. Нивното формирање претставува важен предуслов за поефикасна надзорна функција, но целосната ефективност на овие одделенија зависи од нивната кадровска стабилност, стручна подготвеност, примената на унифицирани алатки и доследното постапување по утврдените наоди.

Во однос на човечките ресурси, во 2025 година беа реализирани нови вработувања во пенитенцијарниот систем, и тоа 82 припадници на затворската полиција и 13 службени лица во секторот за ресоцијализација. Во КПД Идризово во текот на мај 2026 година вработени се уште 29 припадници на затворската полиција.

Овој податок е значаен имајќи предвид дека кадровскиот недостиг подолг период претставуваше една од главните слабости во функционирањето на установите. Новите вработувања придонесуваат кон подобрување на соодносот персонал/осудени лица и кон намалување на оптовареноста на постојниот кадар. Сепак, потребата од натамошно кадровско зајакнување останува актуелна, особено во поголемите установи и во службите за безбедност, третман, ресоцијализација и здравствена заштита.

Во делот на систематизацијата и внатрешната организација, во претходниот период беа спроведени функционални анализи и беа донесени нови акти за внатрешна организација и систематизација во

дел од установите, особено во КПД Идризово, КПД Штип и Затвор Куманово. Овие активности беа поврзани и со воспоставувањето нови организациони структури, како што се единиците за затворско разузнавање и единиците за интервенции на затворската полиција. Ова претставува позитивен реформски чекор, но потребно е во наредниот период да се следи дали новите систематизации реално одговараат на потребите на установите и дали обезбедуваат функционален, балансиран и одржлив распоред на персоналот.

Во текот на 2025 година беше обезбедена доследна примена на прописите што го уредуваат процесот на вработување во затворската полиција. Иако, Правилникот за здравствените и психофизичките способности на лицето кое заснова работен однос во затворската полиција е донесен во 2020 година, истиот во изминатиот период не се применуваше во пракса.

Во текот на 2025 година, за првпат сите нови вработувања во затворската полиција беа спроведени во согласност со одредбите на Правилникот. Притоа, вкупно 110 кандидати за припадници на затворската полиција ги поминаа задолжителните здравствени и психофизички проверки во Поликлиника Букурешт-Скопје.

Со тоа беше обезбедена доследна примена на пропишаните стандарди при селекцијата на новиот кадар, што претставува значаен чекор кон професионализација и јакнење на капацитетите на затворската полиција.

Исто така, иако со измените на Законот за извршување на санкциите беа направени чекори кон воспоставување попредвидлив систем на професионална кариера, потребно е понатамошно следење на практичната примена на овие решенија. Родовата застапеност на соодветните позиции во затворскиот персонал, политиките и унапредувањето останува делумно реализирана и треба да се следи систематски, особено во однос на застапеноста на жените во различни служби, раководни позиции и процеси на унапредување.

И покрај наведените позитивни активности, реализацијата на Стратешката цел 2 останува делумна. Структурните предизвици поврзани со кадровскиот недостиг, нерамномерните професионални капацитети меѓу установите, одржливоста на системот за обука и ефективната примена на надзорните механизми и понатаму влијаат врз функционирањето на пенитенцијарниот систем. Наодите се во согласност и со препораките на меѓународните и националните мониторинг тела, особено КПТ и Државниот завод за ревизија, кои континуирано ја нагласуваат потребата од соодветно ниво на персонал, континуирана професионална обука, развивање на динамичката безбедност и ефективни механизми за внатрешен надзор како гаранција против неправилности, злоупотреби и несоодветно постапување во установите.

Претставникот на Националниот превентивен механизам (НПМ)[1] оценува дека во текот на 2025 година е постигнат одреден напредок во реализацијата на дел од активностите предвидени со Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем 2021-2025 година, особено во делот на обезбедување пристап до образование, унапредување на условите во воспитно-поправниот

[1] Учеството на претставникот од Народниот правобранител на РСМ во работата на Интер-ресорската група и во подготовката на овој Извештај не ги заменува и не смее да се поистоветува со официјалните наоди и ставови на институцијата Народен правобранител на РСМ, а коишто се содржани во годишните извештаи и другите официјални документи.

систем и преземање активности за подобрување на дел од инфраструктурните и сместувачките капацитети во казнено-поправните установи.

Особено значаен исчекор претставува воспоставувањето и започнувањето на формалниот образовен процес за децата сместени во Воспитно-поправниот дом. Со тоа започна реализација на една од долгогодишните препораки на НПМ, но и на една од клучните стратешки определби предвидени со Стратегијата. Имајќи предвид дека значителен дел од децата сместени во воспитно-поправните установи немаат завршено основно образование или подолг период биле надвор од образовниот систем, обезбедувањето пристап до образование претставува важна претпоставка за успешна ресоцијализација и намалување на ризикот од повторно вршење кривични дела.

Во текот на 2025 година беа преземени и активности за создавање услови за сместување на девојчиња со изречена воспитно-поправна мерка во Воспитно-поправниот дом Тетово. НПМ оценува дека ваквиот пристап претставува позитивно преодно решение со кое се надминува долгогодишната состојба на нееднаков третман на децата од женски пол на кои им е изречена воспитно-поправна мерка. Сепак, неопходно е да се има предвид дека современите меѓународни стандарди за третман на деца во судир со законот упатуваат кон развој на помали сместувачки единици со изразена воспитна, образовна и ресоцијализирачка функција, лоцирани во средини што овозможуваат одржување на семејните врски и интеграција во заедницата. Во таа насока, НПМ смета дека надлежните институции треба да продолжат со изнаоѓање на долгорочни решенија кои ќе бидат во согласност со современите стандарди за правда прилагодена на децата.

Истовремено, НПМ нотира дека и покрај одредени позитивни поместувања, најголем дел од системските предизвици кои со години се присутни во пенитенцијарниот систем сè уште не се целосно надминати. Пренатрупаноста во дел од казнено-поправните установи, недоволните сместувачки капацитети, недостигот од стручен и безбедносен кадар, ограничените можности за третман и ресоцијализација, како и долгогодишните слабости во обезбедувањето здравствена заштита и понатаму претставуваат сериозни предизвици за системот.

Во оваа насока, особено загрижувачки е фактот што и во текот на 2025 година продолжи да важи кризна состојба на подрачјето на најголемата казнено-поправна установа во државата – КПД Идризово. Самото постоење на кризна состојба во континуитет повеќе години претставува јасен показател за сериозноста на состојбите и потребата од поитно и посистемско дејствување на надлежните институции. Иако во изминатиот период беа преземени одредени активности за подобрување на условите, НПМ оценува дека истите не се доволни за целосно надминување на наталожените структурни проблеми кои со години се присутни во пенитенцијарниот систем.

Дополнително, наодите од посетите на НПМ во текот на 2025 година покажуваат дека потребни се понатамошни напори за унапредување на здравствената заштита во установите, особено преку обезбедување доволен број здравствени работници, подобрување на пристапот до специјалистички прегледи и зајакнување на механизмите за заштита на менталното здравје. Посебно внимание бара и состојбата со менталното здравје и психосоцијалните потреби на децата сместени во ВПД Тетово, каде што е неопходен континуиран мултидисциплинарен пристап и развој на структурирани програми за поддршка и третман.

НПМ воедно укажува дека ефикасноста на пенитенцијарниот систем во значителна мера зависи од кадровските капацитети на установите. Во текот на посетите беа констатирани недостатоци во однос на бројот на стручни лица, како и недоволен број припадници на затворската полиција во дел од установите. Недостигот од воспитувачи, психолози, социјални работници, здравствени работници и друг стручен кадар директно влијае врз квалитетот на индивидуалниот третман, подготовката за отпуст и процесот на ресоцијализација на осудените лица. Поради тоа, НПМ смета дека кадровското екипирање на установите треба да претставува една од клучните приоритетни области и во наредниот стратешки период.

Истовремено, НПМ потсетува дека успешноста на реформите во пенитенцијарниот систем не треба да се оценува исклучиво преку подобрување на материјалните услови и инфраструктурните инвестиции. Иако тие претставуваат важен предуслов за обезбедување хуман третман, суштинската цел на системот останува обезбедување ефикасен третман, ресоцијализација и подготовка за враќање на лицата лишени од слобода во заедницата. Оттука, неопходно е во иднина да продолжат активностите насочени кон развој на индивидуализирани програми за третман, образовни и работни активности, психосоцијална поддршка и јакнење на механизмите за постпенална помош.

Имајќи го предвид наведеното, НПМ оценува дека дел од стратешките цели и активности предвидени во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем 2021-2025 година се реализирани или се во напредна фаза на реализација, меѓутоа значителен број активности остануваат делумно реализирани или нереализирани. Оттука, системските предизвици кои со години се нотираат во извештаите на домашните и меѓународните мониторинг тела во голема мера се последица на нецелосната имплементација на сите предвидени стратешки цели и мерки.

НПМ потсетува дека примарната цел на реформите во пенитенцијарниот систем не е само подобрување на ефикасноста на системот, туку и намалување на ризиците од тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, преку обезбедување услови кои ќе бидат во согласност со домашните и меѓународните стандарди за заштита на човековите права.

Поради тоа, НПМ смета дека во периодот што следи е неопходен посистемски пристап, јасно дефинирани приоритети и континуирана посветеност на сите надлежни институции за спроведување на реформите во пенитенцијарниот систем. Истовремено, потребно е подигнување на свеста кај носителите на највисоките државни политики за значењето на пенитенцијарниот систем како составен дел од владеењето на правото и заштитата на човековите права, со цел обезбедување повисок степен на политичка, институционална и финансиска поддршка за надминување на долгогодишните предизвици во оваа област. Наодите и заклучоците содржани во оваа евалуација треба да послужат како основа за дефинирање на нови стратешки приоритети и мерки кои ќе обезбедат континуитет на започнатите реформи и одржливост на постигнатите резултати во пенитенцијарниот систем.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Зајакнување на професионалноста на затворската управа преку структурирана и напредна обука			
Стратешка цел 3.1 **Зајакнување на капацитетот и функционалноста на Одделението за обука**			
Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
3.1.1 Зајакнување на функционалноста на Одделението за обука	Делумно реализирано / во тек	🟡	Тренинг центарот во Идризово остана централна точка за реализација на обуките на затворскиот персонал, пробациските службеници и вработените во УИС. Потребно е натамошно јакнење на човечките, организациските и материјално-техничките капацитети за долгорочна одржливост на системот за обука.
3.1.2 Ревидирана стратегија за обука	Реализирано	🟢	Стратегијата за обука на вработените во пенитенцијарниот систем е донесена и претставува основа за планирање и реализација на почетната, континуираната и специјализираната обука. Потребно е нејзината имплементација да продолжи преку редовни годишни планови и обезбедени ресурси.
3.1.3 Развивање на програма за обука на затворскиот персонал	Континуирана активност со напредок	🔵	Обуките се реализираат согласно годишните планови за обука. Во 2025 година беа реализирани 53 обуки со 915 учесници, а во 2026 година започнаа почетни обуки за нововработените лица. Активноста треба да продолжи како редовен и стандардизиран систем на професионален развој.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 3 има вкупно 3 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🟢 Реализирано – 34%
- 🟡 Делумно реализирано / во тек – 33%
- 🔴 Нереализирано – 0%
- 🔵 Континуирана активност со напредок – 33%

Стратешката цел 3 е насочена кон зајакнување на професионалноста и компетенциите на затворскиот персонал преку воспоставување структуриран, континуиран и одржлив систем на обука во рамките на пенитенцијарната администрација. Оваа цел опфаќа зајакнување на функционалноста на Одделението за обука, ревидирање и унапредување на рамката за обука, како и обезбедување континуиран професионален развој на вработените во согласност со европските стандарди, човековите права и современите пристапи во извршувањето на санкциите.

Во текот на извештајниот период е забележан континуиран напредок во развојот на посистематски пристап кон обуката на затворскиот персонал. Тренинг центарот за обука и едукација во Идризово остана централна институционална точка за реализација на професионалните обуки на затворскиот персонал, пробациските службеници и вработените во Управата за извршување на санкциите. Преку неговата работа се обезбедува континуитет во јакнењето на човечките ресурси, што е еден од предусловите за професионално, законито и безбедно функционирање на казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Согласно Годишниот план за обука за 2025 година, Управата за извршување на санкциите организираше задолжителни континуирани обуки за затворскиот персонал, кои се спроведуваа во Тренинг центарот во Идризово. Во текот на 2025 година беа реализирани вкупно 53 обуки, со кои беа опфатени 915 лица од казнено-поправните установи, воспитно-поправната установа, пробациските канцеларии и Управата за извршување на санкциите. Обуките беа насочени кон подобрување на капацитетите и компетенциите на вработените лица, како и кон воспоставување систем на континуирана едукација во КПУ и ВПУ.

Темите опфатени со обуките се однесуваа на етика и меѓусекторска соработка, менаџирање конфликти, мотивационо интервју, когнитивно-бихевиорална програма за осудени лица, динамичка безбедност и превенција на професионално согорување. Ваквиот тематски опфат е значаен бидејќи ги поврзува безбедносните, третманските и комуникациските аспекти на работата на затворскиот персонал. Обуките не се сведуваат само на формално исполнување на планот за едукација, туку претставуваат инструмент за унапредување на секојдневното постапување, намалување на ризиците и подобрување на односот меѓу персоналот и осудените лица.

Во јануари 2025 година, во Тренинг центарот во Идризово беше реализирана обука за нововработени лица за спроведување на Програмата за третман на радикализирани осудени лица. Обуката опфати нов персонал од КПД Штип, КПД Идризово, КПД Прилеп, Затвор Куманово и Затвор Скопје. Оваа активност е значајна бидејќи покажува дека системот на обука постепено се насочува и кон специјализирани ризични категории и потреби, вклучително и третман на лица кај кои постојат ризици поврзани со радикализација.

Во периодот од 10 до 12 февруари 2025 година, во Центарот за тренинг и едукација, работната група, односно тимот од Управата за извршување на санкциите, присуствуваше на обука за градење капацитети за спроведување на активностите од Стратегијата за внатрешна и надворешна комуникација. Оваа активност има значење и за поширокото институционално функционирање, бидејќи професионалноста на пенитенцијарниот систем не се мери само преку безбедносното постапување, туку и преку способноста за транспарентна комуникација, управување со информации и соодветно постапување во ситуации од јавен интерес.

Континуираните обуки на вработените лица согласно Годишниот план за обука на затворскиот персонал започнаа во мај 2025 година и опфатија повеќе установи:

- На 6, 7 и 8 мај беа реализирани обуки за вработени лица од Затвор Гевгелија и Затвор Струмица;
- На 13, 14 и 15 мај за вработени лица од Затвор Охрид и КПД Струга; на 20, 21 и 22 мај за вработени лица од Затвор Тетово и ВПД Тетово; и
- На 27, 28, 29 и 30 мај за вработени лица од КПД Прилеп.

На 4 и 7 ноември 2025 година, во Тренинг центарот за обука во КПД Идризово, беше одржана обука за припадници на интервентните единици од КПД Идризово и КПД Штип. Обуката беше насочена кон запознавање со подзаконските акти за работа на единицата и примената на стандардната оперативна процедура за постапување на единицата за интервенција на затворската полиција. Оваа активност е важна од аспект на професионализација на безбедносното постапување и уедначување на практиката во ситуации што бараат координирана и законита интервенција.

Во текот на ноември 2025 година продолжија континуираните обуки за затворски персонал од казнено-поправните установи, а беа реализирани и еднодневни обуки за вработени лица од Управата за извршување на санкциите. Со тоа се потврдува дека обуката постепено се развива како постојан процес, а не како изолирана проектна активност.

Извештајниот период исто така покажува напори за обезбедување континуитет на системот за обука по новите вработувања во пенитенцијарниот систем. Врз основа на Годишниот план за обука за 2026 година, по реализираните нови вработувања во 2025 година, односно 82 припадници на затворската полиција и 13 службени лица во секторот за ресоцијализација, на 26 јануари 2026 година започнаа почетни обуки за нововработени лица во Тренинг центарот за обука и едукација во Идризово. Во овие обуки беа вклучени нововработени припадници на затворската полиција од КПД Идризово и Затвор Струмица.

На 6 февруари 2026 година, согласно Годишниот план за обука на затворски персонал, продолжија почетните обуки на нововработени лица во Тренинг центарот во Идризово. Во овие обуки беа вклучени нововработени припадници на затворската полиција од КПД Идризово, КПД Штип и Затвор Битола. Ова претставува позитивен чекор, бидејќи новите вработувања можат да имаат реален ефект врз функционирањето на установите само доколку се придружени со почетна обука, менторирање и понатамошно професионално усовршување.

Завршени се почетните обуки за нововработените лица кои започнаа во 2026 година, а од 8 јуни 2026 година ќе започнат и почени обуки за нововработени 29 припадници на затворската полиција од КПД Идризово што е важен предуслов за нивно професионално и безбедносно интегрирање во системот.

И покрај постигнатиот напредок, реализацијата на Стратешката цел 3 не може да се оцени како целосна. Обуките се реализираат редовно, а капацитетите на Тренинг центарот се користат сè поинтензивно, но остануваат предизвици во однос на долгорочната одржливост на системот за обука, еднаквиот пристап до специјализирани обуки за сите установи, кадровската екипираност на структурите задолжени за обука и воспоставувањето целосно интегрирана и стандардизирана рамка за професионален развој во пенитенцијарната администрација.

Овие наоди се во согласност со препораките на меѓународните и националните мониторинг тела, кои континуирано ја нагласуваат важноста на професионалниот, добро обучен и доволно бројен затворски персонал. Континуираната обука, динамичката безбедност и специјализираните капацитети на затворскиот персонал претставуваат важна гаранција против несоодветно постапување, институционално насилство и неправилности во работењето.

Како завршна оценка, Стратешката цел 3 може да се оцени како делумно реализирана, со значителен напредок во воспоставувањето континуирана практика на обука. Во наредниот период потребно е да се обезбеди одржливост на системот за обука, зајакнување на човечките и материјално-

техничките капацитети на Тренинг центарот, целосна стандардизација на програмите за професионален развој и еднаков пристап до специјализирани обуки за вработените во сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 Обезбедување безбедна средина за осудените лица и персоналот во КПУ и ВПУ			
Стратешка цел 4.1 **Зајакнување на безбедноста на КПУ и ВПУ**			
Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
4.1.1 Формирање и подготовка на тимови за постапување во случај на бунт, нарушување на редот и контролата во КПУ и ВПУ, со утврдени СОП и нивна обука	Континуирана активност со напредок	🔵	Постигнат е напредок преку создавање законска основа, подготовка на СОП и обуки за интервентни единици. Сепак, според предвидените показатели, активноста не е целосно реализирана додека не се обезбеди целосно формирање, функционалност и редовна обученост на тимовите во сите релевантни установи.
4.1.2 Зголемување на бројот на припадниците на затворска полиција	Континуирана активност со напредок	🔵	Во 2025 година се реализирани нови вработувања на припадници на затворската полиција. Сепак, кадровските потреби остануваат значајни, особено во поголемите установи и во однос на потребата од соодветна родова застапеност.
Стратешка цел 4.2 **Зајакнување на динамичката безбедност**			
4.2.1 Обука на затворскиот персонал за динамичка безбедност, особено на нововработените и имплементација на концептот за динамична безбедност според СОП	Делумно реализирано	🟡	Обуките за динамичка безбедност се реализираат како дел од годишните планови за обука, што делумно го исполнува предвидениот показател за обучен персонал. Сепак, со оглед дека не се донесени СОП за динамичка безбедност и не е воспоставен регистар за евидентирање на интеракциите со осудените лица, активноста не може да се оцени како целосно реализирана.
4.2.2 Целосна примена на СОП за динамична безбедност во КПУ и ВПУ	Нереализирано	🔴	Активноста не е реализирана, бидејќи не се донесени СОП за динамичка безбедност. Следствено, не може да се оцени нивна целосна примена во КПУ и ВПУ, ниту да се обезбеди

			стандардизирано следење на примената наконцептот.
Стратешка цел 4.3 **Професионализација во делот на примена на сила**			
4.3.1 Ревидирање на упатство и СОП за употреба на средства за присилба	Реализирано / потребно следење на примена	🟢	Активноста може да се оцени како реализирана. Во наредниот период клучно е да се следи нивната практична примена, особено во однос на законитост, пропорционалност и документирање на употребата на сила.
4.3.2. Почетна и континуирана обука за примена на сила, вклучително и техники за де-ескалација	Континуирана активност со напредок	🔵	Обуките се реализираат како дел од системот за почетна и континуирана обука. Оваа активност е континуирана и истата се реализира согласно Годишниот план за обука на вработени во КПУ и ВПУ
4.3.3 Обука на раководен кадар за откривање на случаи на употреба на прекумерна сила од страна на припадниците на затворска полиција	Континуирана активност со напредок	🔵	Реализирани се обуки за раководен и затворски персонал во поширок контекст. Активноста треба да продолжи континуирано.
Стратешка цел 4.4 **Стандардизирано водење на евиденција за случаи на насилство и за безбедност во установата**			
4.4.1. Воведување на стандардизиран образец и регистар за инциденти на насилство во сите КПУ и ВПУ	Нереализирано	🔴	Активноста не е реализирана во предвидената форма. Не е воспоставен единствен образец и регистар за инциденти на насилство во сите КПУ и ВПУ, ниту постои целосно унифицирана и јавно достапна статистика за насилството. За наредниот период потребно е оваа активност да се редефинира на начин што ќе биде применлив во условите на пенитенцијарниот систем во РСМ, преку едноставен стандардизиран образец, јасни упатства за пополнување, одговорни лица во установите и редовно агрегирано известување до УИС.
Стратешка цел 4.5 **Јакнење на системот за видео надзор во КПУ и ВПУ**			

4.5.1. Донесување на правилник и воведување СОП за видео надзор во КПУ и ВПУ	Нереализирано	🔴	Показателите предвидуваат донесен правилник и усвоен СОП во согласност со Агенцијата за заштита на лични податоци. Оваа активност не е реализирана.
4.5.2. Набавка на опрема за видео надзор и нејзино инсталирање во сите КПУ и ВПУ	Делумно реализирано / во тек	🟡	Во дел од установите е набавена дополнителна видео и безбедносна опрема, што претставува делумен напредок. Сепак, предвидениот показател бара инсталиран функционален систем за видеонадзор во сите КПУ и ВПУ, што сè уште не е целосно постигнато.
4.5.3 Обучување на вработените за користење на опремата и СОП	Нереализирано	🔴	Показателот предвидува обучени вработени за опремата и СОП. Бидејќи правилникот, СОП и системот за видеонадзор не се целосно воспоставени во сите установи, обуката не може да се оцени како реализирана на системско ниво.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 4 има вкупно 11 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🔴 Нереализирано: 33%
- 🟡 Делумно реализирано / во тек: 25%
- 🔵 Континуирана активност со напредок: 33%
- 🟢 Реализирано: 9%

Стратешката цел 4 е насочена кон обезбедување безбедна средина за осудените лица и персоналот во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Оваа цел опфаќа јакнење на институционалната безбедност, воспоставување специјализирани структури за интервенција, развој на динамичката безбедност, унапредување на процедурите за употреба на сила, како и воведување механизми за евидентирање на насилство и подобрување на системите за видеонадзор.

Во текот на 2024 и 2025 година беа преземени повеќе активности насочени кон јакнење на оперативните и превентивните безбедносни капацитети во установите. Со измените на Законот за извршување на санкциите од 2024 година беше создадена правна основа за воспоставување интервентни единици и структури за затворско разузнавање. Ова претставува важен чекор во насока на модернизирање на безбедносниот систем во казнено-поправните установи и подобрување на способноста за навремено препознавање и управување со ризици.

Во текот на мај 2026 година изготвени се функционални анализи и Правилници за внатрешна организација и систематизација во КПД Прилеп, КПД Штип и Затвор Скопје за формирање на единици за разузнавање во овие установи како и Единицата за затворско разузнавање во КПД Идризово.

Во рамките на овој процес продолжија активностите за формирање и подготовка на тимови за постапување во случаи на бунт, нарушување на редот, инциденти и други безбедносни ризици во установите. Посебно значајни се активностите поврзани со обуката на припадниците на интервентните единици од КПД Идризово и КПД Штип. На 2 и 3 јули 2025 година, во Тренинг центарот за обука во КПД Идризово со подршка на домашен и меѓународен експерт ангажиран од страна на Совет на Европа беше одржана обука за припадници на интервентните единици, со цел запознавање со подзаконските акти за работа на единиците и примената на стандардната оперативна процедура за постапување на единицата за интервенција на затворската полиција. Во текот на мај 2026 година сите припадници на ЕИПЗ поминаа 10 дневна обука по втор пат во ЕБР. На крај на јуни предвидена е обука на дел од припадниците на ЕИЗП во Полска и средината на јули 2026 година предвена е дводневна обука на припадниците на ЕИЗП и двете подржани од страна на Совет на Европа.

Овие активности се значајни бидејќи придонесуваат кон уедначување на постапувањето на 3затворската полиција во критични ситуации и кон зајакнување на законитоста, пропорционалноста и професионалноста при интервенции. Сепак, целосниот ефект од воспоставувањето на интервентните структури ќе зависи од нивното кадровско екипирање, континуирана обука, јасни процедури и редовна контрола на нивното постапување.

Во делот на кадровското зајакнување на затворската полиција, во текот на 2025 година беа реализирани нови вработувања, вклучително 82 припадници на затворската полиција.

Во мај 2026 година во КПД Идризово вработени се нови 29 припадници на затворската полиција. Ова е значајно од аспект на безбедноста, бидејќи недоволниот број персонал подолг период претставуваше една од главните слабости во функционирањето на установите и директно влијаеше врз можноста за ефективен надзор, превенција на насилство и навремено реагирање во ризични ситуации. Завршени се почетните обуки за нововработените лица кои започнаа во 2026 година, а од 8 јуни 2026 година ќе започнат и почени обуки за нововработени 29 припадници на затворската полиција од КПД Идризово што е важен предуслов за нивно професионално и безбедносно интегрирање во системот.

Активностите поврзани со динамичката безбедност беа делумно реализирани преку континуирани обуки во текот на 2025 година. Обуките опфатија теми поврзани со динамичка безбедност, комуникација, менаџирање конфликти и превенција на професионално согорување кај затворскиот персонал. Овој пристап е особено важен бидејќи динамичката безбедност не се заснова само на физичка контрола, туку и на професионален однос, редовна комуникација, навремено препознавање ризици и градење доверба и авторитет во секојдневниот контакт со осудените лица.

Сепак, и покрај реализираните обуки, примената на концептот на динамичка безбедност останува нерамномерна меѓу установите. Потребно е динамичката безбедност да се развива како секојдневна професионална практика, поддржана со јасни процедури, документирање на релевантните информации, координација меѓу службите и редовна проценка на ризиците. За таа цел потребно е донесување на соодветен правилник, па СОП и Регистар.

Во делот на спречување прекумерна употреба на сила и јакнење на процесните гаранции, продолжија активностите во текот на годината, поточно од септември 2026 година согласно Годишниот план ќе започнат континуирани обуки на припадниците на затворската полиција поврзани со примена на стандардни оперативни процедури за употреба на сила, како и обуки насочени кон техники за деескалација и професионално постапување на затворскиот персонал. Овој сегмент останува особено важен бидејќи употребата на сила во затворски услови мора секогаш да биде законита, неопходна, пропорционална и соодветно документирана.

Согласно акцискиот план на Советот на Европа во текот на 2026 година ќе се реализираат обуки на сите раководни структури во КПУ и ВПУ за употреба на средства за присилба.

Во исто време, продолжија и активностите за подобрување на внатрешниот надзор и супервизијата, особено преку засилени надзорни активности на Управата за извршување на санкциите и преку соработка со Советот на Европа. Ваквите активности се значајни за рано откривање неправилности, спречување несоодветно постапување и јакнење на отчетноста на персоналот.

Ограничен напредок е забележан во делот на воспоставување стандардизирани механизми за евидентирање инциденти на насилство и подобрување на системите за видеонадзор. Иако во дел од установите во текот на 2025 година беше набавена дополнителна видео и безбедносна опрема, целосното воспоставување унифицирани системи и оперативни процедури останува недовршено. Овој дел и понатаму зависи од дополнителни финансиски, технички и организациски ресурси. Подобрен е видео надзорот во Затвор Скопје, Затвор Струмица и Затвор Охрид.

Од аспект на вкупната реализација, Стратешката цел 4 може да се оцени како делумно реализирана. Во извештајниот период беа преземени важни законски, организациски и практични чекори за јакнење на безбедносниот систем, особено преку создавање правна основа за интервентни единици и затворско разузнавање, реализација на обуки за интервентни единици, нови вработувања во затворската полиција и продолжување на обуките за динамичка безбедност. Сепак, останууваат значајни предизвици поврзани со недоволен број персонал, нерамномерна примена на динамичката безбедност, потреба од целосно оперативни интервентни структури, стандардизирано евидентирање на инциденти, функционален видео надзор и доследна контрола на употребата на сила. Поради тоа, во наредниот период е потребно да се обезбеди целосна оперативна примена на новите безбедносни структури, континуирана обука на затворската полиција и уедначена примена на безбедносните стандарди во сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5: Зајакнување на процесот на ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, вклучително и на пост-пеналната грижа			
Стратешка цел 5.1 **Подобрување на процесот на проценка и управување на ризикот во однос на осудените лица**			
Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
5.1.1. Функционални приемни одделенија во сите КПУ и нивно екипирање со стручен тим	Нереализирано / недоволно реализирано	🔴	Не се обезбедени функционални приемни одделенија со целосно екипиран стручен тим во сите КПУ. Ова останува клучна слабост, бидејќи приемното одделение е основа за

			проценка, индивидуален третман и правилно планирање на казната.
5.1.2. Ревидирање на алатка за проценка на ризикот/потребите	Делумно реализирано / во тек	🟡	Започнат е процес на ревидирање на алатката за проценка на ризик и потреби преку работна група и експертска поддршка. Сепак, алатката сè уште не е финализирана, пилотирана и унифицирано применета во сите установи.
5.1.3 Спроведување обука за стручен тим од приемно одделение	Нереализирано	🔴	Нема спроведена систематска обука на стручните тимови од приемните одделенија за примена на ревидираната алатка. Обуката треба да следи по финализирање на инструментот и јасно дефинирање на методологијата.
Стратешка цел 5.2 **Подобрување на специјализирани програми за третман**			
5.2.1 Кадровско екипирање на сектор за ресоцијализација	Континуирана активност со напредок	🔵	Во 2025 година се реализирани нови вработувања во секторот за ресоцијализација, што претставува позитивен чекор. Сепак, кадровските потреби остануваат значајни, особено за редовна примена на индивидуализирани третмански програми.
5.2.2 Примена на постоечки и развивање нови специфични програми за третман во различни КПУ и ВПУ	Делумно реализирано	🟡	Се реализираат одредени третмански и специјализирани активности, вклучително програми поврзани со подготовка пред отпуст и пост-пенална поддршка. Сепак, примената не е целосно унифицирана во сите установи и потребно е редовно документирање на опфатот и резултатите.
Стратешка цел 5.3 **Подобрување на условите и можностите за работно ангажирање на осудени лица**			
5.3.1. Проценка на тековната ситуација во КПУ и можности за работно ангажирање на лицата (осудените и лицата во притвор) во и надвор од КПУ	Делумно реализирано / во тек	🟡	Постојат активности поврзани со работно ангажирање и развивање практични вештини, но нема доволно податоци за сеопфатна проценка на можностите во сите установи и доставен извештај до УИС. Потребно е

			посистематско мапирање на капацитетите и потребите.
5.3.2. Обезбедување опрема и материјали кои се неопходни за функционирање на работилниците во затворите, како и кадровско екипирање	Континуирана активност со напредок	🔵	Во дел од установите се обезбедуваат опрема и материјали за работни и практични активности, вклучително активности во женското одделение на КПД Идризово. Сепак, ова не е воспоставено како стабилен и еднакво достапен систем во сите КПУ.
5.3.3. Подобрување на соработката со релевантни надворешни институции и компании со цел да се обезбеди стручно образование за осудените лица и нивно стекнување со диплома (сертификат) за различни занимања	Континуирана активност со напредок	🔵	Постојат активности за соработка со надворешни субјекти и граѓански организации, но нема доволно податоци за системска соработка со акредитирани институции и компании што резултирала со стекнување дипломи или сертификати за различни занимања.
5.3.4. Подобрување на можностите за работно ангажирање на осудените лица, во партнерство со компании и други релевантни правни лица (на национално ниво и во локалните заедници)	Континуирано / Во тек	🟡	Потребен е поорганизиран пристап и редовно следење на бројот на вклучени осудени лица.
Стратешка цел 5.4 **Подобрување на условите и можностите за ангажирање на осудените лица во значајни и конструктивни слободни активности**			
5.4.1. Проценка на тековната ситуација во КПУ и ВПУ и на новите можности за организирање значајни и конструктивни активности во слободното време на осудените лица	Континиурано	🔵	Функционална анализа е изработена во секоја установа, со што е исполнет основниот дел од активноста за проценка на состојбата и можностите за организирање значајни и конструктивни активности. Активноста треба да продолжи континуирано преку ажурирање на проценките, следење на реалните капацитети по установи и поврзување на слободните активности со индивидуалните планови за третман.
5.4.2. Обезбедување неопходна опрема и материјали за спортски,	Делумно реализирано / во тек	🟡	Во установите се реализираат спортски, културни и креативни активности, но тие не се доволно

уметнички, креативни активности и активности од областа на културата, како и кадровско екипирање			систематизирани и еднакво обезбедени во сите установи. Потребно е редовно документирање на активностите, опремата, материјалите и опфатот на осудени лица.
Стратешка цел 5.5 **Подготовка пред отпуст и пост-пенална грижа и поддршка**			
5.5.1. Анализа на потребите како и на постоечките ресурси за нивно адресирање	Реализирано	🟢	Извршени се активности за анализа на потребите и подготовка на модел за поддршка пред отпуст и пост-пенална помош, особено преку проектните активности поддржани од Советот на Европа. Потребно е резултатите од анализите да се преточат во редовна институционална практика.
5.5.2. СОП за подготовка пред отпуст на осудените лица, со акцент на лицата кои се осудени на долги затворски казни	Реализирано / пилотирање во тек	🟢	Изготвени се СОП и програма за подготовка пред отпуст, а во 2025 година беа реализирани обуки за нивно пилотирање во КПД Идризово и КПД Штип. Следниот чекор е поширока примена и редовно следење на ефектите.
5.5.3. СОП за координирана пост-пенална грижа и поддршка, како и координација со релевантните институции	Делумно реализирано / во тек	🟡	Постигнат е напредок преку подготовка на СОП, пилот-активности и соработка со СОС Детско село и пробациската служба. Сепак, координираната пост-пенална поддршка сè уште не е воспоставена како целосен и одржлив систем достапен на национално ниво.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 5 има вкупно 14 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🟢 Реализирано – 14%
- 🟡 Делумно реализирано / во тек – 43%
- 🔴 Нереализирано – 14%
- 🔵 Континуирана активност со напредок – 29%

Стратешката цел 5 е насочена кон унапредување на процесот на ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица преку јакнење на механизмите за проценка на ризик и потреби, развивање структурирани третмански програми, подобрување на подготовката пред отпуст и воспоставување

функционални механизми за пост-пенална поддршка во соработка со надлежните институции и граѓанските организации.

Во текот на извештајниот период е забележан делумен напредок во развојот на посистематски пристап кон ресоцијализацијата, подготовката пред отпуст и пост-пеналната поддршка. Особено значајни се активностите реализирани во рамките на проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем во Северна Македонија“, поддржан од Советот на Европа, кој се реализира преку Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција 2023–2026. Преку овој проект продолжија активностите за развивање оперативни процедури, пилот-механизми и практични модели за подготовка пред отпуст и пост-пенална помош на осудени лица.

Посебно внимание во 2025 година беше посветено на ревидирање на алатката за проценка на ризик и потреби на осудените лица. Во вториот квартал од 2025 година, Управата за извршување на санкциите формираше работна група за ревидирање на алатката за проценка на ризик, со поддршка од Македонското здружение на млади правници и Македонското пенолошко друштво, во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осуденици“ 2022–2025. По завршувањето на проектот, активностите продолжија со поддршка на Советот на Европа. Во февруари 2026 година беше одржан состанок со претставник на Советот на Европа и избраниот експерт за ревидирање на инструментот за проценка на ризик на осудени лица во приемно одделение, со што процесот продолжи и во наредниот период. Изготвен е Инструментот за проценка на ризик и потребни на осудени лица и се очекува од средина на јули 2026 година да се пилотира во две установи, а од септември 2026 година ќе се спроведе обука на вработените лица во Секторот за ресоцијализација за негова примена.

Овие активности се значајни бидејќи проценката на ризик и потреби е основа за индивидуализиран третман, правилно планирање на казната, избор на соодветни програми и подготовка за отпуст. Сепак, алатката сè уште е во фаза на ревидирање и не може да се оцени како целосно функционално и унифицирано применета во сите установи. Потребно е нејзино финализирање, пилотирање, обука на стручниот персонал и редовна примена во приемните одделенија.

Напредок е забележан и во однос на подготовката пред отпуст и пост-пеналната поддршка. На 16 и 17 септември 2025 година, од страна на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје беше реализирана обука за вработени од КПД Штип и КПД Идризово со цел пилотирање на стандардните оперативни процедури и Програмата за подготовка пред отпуст и пост-пенална поддршка на осудени лица. Подготовките за пилотирање на програмата во двете установи продолжија, вклучително и избор на осудени лица врз кои ќе се пилотираат програмата и СОП за пост-пенална помош.

Овој дел претставува важен чекор кон воспоставување поорганизиран систем на поддршка на осудените лица во периодот пред отпуст и по излегувањето од установата. Подготовката пред отпуст и пост-пеналната грижа се клучни за намалување на ризикот од повторништво, одржување на постигнатите третмански резултати и обезбедување постепена транзиција од затворската средина кон заедницата. Сепак, активностите засега се во фаза на пилотирање и подготовка, а потребна е нивна поширока примена, институционализација и јасна координација со пробациските служби, центрите за социјална работа, здравствените установи, локалните институции и граѓанскиот сектор.

Во насока на подобрување на процесот на реинтеграција, во средината на февруари 2025 година Управата за извршување на санкциите потпиша Меморандум за соработка со СОС Детско село. Врз

основа на воспоставената соработка се реализираше пилот-проект со осудени лица во КПД Идризово од полуотворено и отворено одделение, во кој беа вклучени околу 15 осудени лица на кои казната им завршува во период од една година до шест месеци. Процесот го завршија 8 осудени лица. Проектот продолжува со реализација на активности во соработка со Пробациската канцеларија за подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје.

Оваа активност е позитивен пример за поврзување на пенитенцијарниот систем со услуги во заедницата и за вклучување на граѓански организации во процесот на реинтеграција. Истовремено, бројот на лица кои го завршиле процесот покажува дека ваквите програми бараат внимателна селекција, континуирано следење и индивидуализирана поддршка. За да имаат поширок ефект, ваквите модели треба да се развијат надвор од пилот-рамката и да се поврзат со пробацијата, центрите за социјална работа, локалната самоуправа и давателите на услуги во заедницата.

Во делот на рехабилитациските и реинтеграциските активности во установите, продолжија активности насочени кон стекнување практични вештини и конструктивно користење на времето. Во женското одделение на КПД Идризово, како дел од процесот на реинтеграција и усвојување нови вештини, се одржуваат работилници за везење и шиење во кои активно учествуваат осудени жени. Ваквите активности имаат значење од аспект на развивање работни навики, лична мотивација, самодоверба и практични способности кои можат да бидат корисни по отпустот.

Дополнително, во рамките на казнено-поправните установи се реализираат спортски, културни и други слободни активности, кои имаат значење за подобрување на секојдневниот живот во установите и за поддршка на ресоцијализацискиот процес. Сепак, потребно е овие активности да бидат подобро систематизирани, редовно документирани и поврзани со индивидуалните планови за третман, за да не останат само повремени или ад хок активности.

И покрај постигнатиот напредок, реализацијата на Стратешката цел 5 останува делумна. Позитивни чекори се направени во насока на ревидирање на алатката за проценка на ризик и потреби, пилотирање на програми за подготовка пред отпуст и пост-пенална поддршка, воспоставување соработка со СОС Детско село и реализација на конкретни активности за реинтеграција во КПД Идризово. Сепак, останууваат предизвици поврзани со одржливоста на програмите, кадровските капацитети во секторите за ресоцијализација, институционалната координација, систематското документирање на активностите и воспоставувањето сеопфатен систем на пост-пенална поддршка достапен на целата територија на државата.

Наодите се во согласност со препораките на мониторинг телата, кои континуирано укажуваат на потребата од индивидуализиран третман, значајни рехабилитациски активности, структурирана подготовка пред отпуст, поддршка за менталното здравје и ефективни механизми за реинтеграција со цел намалување на повторништвото. Во наредниот период потребно е активностите што се во пилот-фаза да се преточат во редовна практика, со јасни носители, утврдени процедури, обучен персонал и координирана поддршка од институциите и заедницата.

Во текот на 2025 година потпишани се 30, додека заклучно со мај 2026 година потпишани се 9 меморандуми за соработа помеѓу КПУ и други институции со цел вршење на општокорисна работа од страна на осудени лица.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 6: Подобрување на третманот и грижата за деца кои издржуваат мерка упатување во ВПД			
Стратешка цел 6.1 **Усогласена законска рамка согласно најдобрите меѓународни практики**			
Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
6.1.1. Изработка и ревидирање на постоечката законска и подзаконска регулатива	Реализирано	🟢	Во 2025 година е постигнат значаен напредок преку измени на законската рамка и донесување подзаконски акти за организирање основно и средно образование во КПУ и ВПУ. Активноста е во голема мера реализирана, но потребно е следење на практичната примена на новите решенија.
6.1.2. Изработка и усвојување на алатка за проценка на ризик и други обрасци релевантни за текот на процесот на третман на детето	Нереализирано	🔴	Стратегијата предвидува изработка на алатка за проценка на ризикот и други релевантни обрасци за третман на детето. Според расположливите податоци, не е потврдена целосно усвоена и применета алатка за проценка на ризик за деца во ВПУ.
6.1.3. Изработка на посебна родово-сензитивна методологија за комуникација и вклучување на членови на семејството и старатели на децата	Нереализирано	🔴	Очекуваниот резултат е изработена методологија и обучен стручен кадар за нејзина примена. Нема доволно податоци дека е усвоена посебна родово-сензитивна методологија за комуникација и вклучување на семејството и старателите.
Стратешка цел 6.2 **Образование на децата во ВПУ**			
6.2.1 Воведување основно образование за децата во ВПУ, според Стратегијата за образование на МОН	Реализирано / во тек	🟢	Со измените на Законот за основното образование и трансформацијата на училиштето „Антон Семјонович Макаренко“ во државно училиште е создадена институционална основа за основно образование на децата во ВПУ. Во учебната 2025/2026

			година во ВПД Тетово се вклучени 20 деца во основно образование, што покажува практична примена на активноста.
6.2.2. Изработка на алатки за потребите на децата	Делумно реализирано / во тек	🟡	Донесен е правилник за проверка на знаењето на децата во воспитно-поправни установи кои претходно не биле вклучени во настава. Ова претставува важен чекор, но потребни се поширок алатки за проценка на образовните, психосоцијалните и третманските потреби на децата.
6.2.3 Воведување стручно образование за децата во ВПУ	Реализирано / во тек	🟢	Со измените на Законот за средното образование е овозможено бесплатно средно образование, вклучително стручно, гимназиско и уметничко образование, за лица во КПУ и ВПУ. Практичната реализација треба да продолжи преку државните центри за средно образование на возрасни и редовно следење на вклучените лица.
Стратешка цел 6.3 **Воведување програми за деца**			
6.3.1. Програма во сверата на личен развој и развивање на основни животни вештини	Нереализирано	🔴	Стратегијата предвидува воведување програма за основни животни вештини и дневни програми за личен развој. Според расположливите податоци, нема доволно потврда дека оваа програма е системски воведена и редовно се применува.
6.3.2. Кратка програма за превенција, програма за организирање креативни работилници, програма за структурирано користење на слободно време, програма за спортски активности, програма	Реализирано	🟢	Активноста може да се оцени како реализирана во делот на воведување кратка програма за превенција и третмански активности. Потребно е понатамошно следење на

за психолошки третман и други третмански програми			редовноста, опфатот и ефектите од примената на програмата.
6.3.3. Обука на персоналот во ВПД Тетово за примена на програмата за основни животни вештини и кратката програма за превенција (YOU TURN/EQUIP)	Реализирано	🟢	Обуката на персоналот за примена на програмите YOU TURN/EQUIP е реализирана. Следен чекор е редовна примена на стекнатите знаења, следење на резултатите и обезбедување континуитет на третманските програми.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 6 има вкупно 9 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🟢 Реализирано: 56%
- 🔴 Нереализирано: 33%
- 🟡 Делумно реализирано / во тек: 11%
- 🔵 Континуирана активност со напредок: 0%

Стратешката цел 6 е насочена кон подобрување на третманот, грижата, образованието и рехабилитацијата на децата кои издржуваат воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом. Оваа цел опфаќа усогласување на законската и подзаконската рамка со меѓународните стандарди, обезбедување пристап до основно и средно образование, воведување алатки за проценка на потребите на децата, како и развој на третмански, рехабилитациски и животни вештини.

Во текот на 2025 година е постигнат значителен напредок во делот на законската и подзаконската рамка, особено во однос на пристапот до образование за децата во воспитно-поправните установи. Со измените на Законот за основното образование се овозможи основно образование за деца кои се сместени во казнено-поправни и воспитно-поправни установи. Ова претставува важен системски исчекор, бидејќи правото на образование за децата лишени од слобода или сместени во воспитно-поправна установа мора да биде обезбедено под еднакви услови и во континуитет.

Во истиот период беа донесени и подзаконски акти со кои се уредуваат одредени практични аспекти на образовниот процес. Донесен е Правилник за формата и содржината на потврдата од извршена проверка на знаењето на децата во воспитно-поправни установи кои не биле вклучени во настава (Сл. весник на РСМ бр.41/25), како и Правилник за начинот на избор на основното училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови (бр.18-9120/1 од 30.06.2025). Со овие акти се создава попрецизна нормативна основа за организирање на наставата и за вклучување на децата кои претходно не биле дел од формалниот образовен процес.

Значителен напредок е постигнат и во делот на средното образование. Со измените на Законот за средното образование (Сл.весник бр.78/25) се овозможи бесплатно средно образование за лица кои немаат делумно или целосно завршено средно образование , а се на издржување казна или се

сместени во КПУ/ВПУ. Ова опфаќа можност за вклучување во стручно, гимназиско и уметничко образование. Дополнително, донесен е и Правилник за начинот на избор на средно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови (бр.13-11883/1 од 4.9.2025).

Во рамките на активноста поврзана со воведување основно образование за децата во ВПУ, значаен институционален чекор претставува трансформацијата на основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко“ – Скопје во државно училиште кое продолжува со работа како основно училиште за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи. Со Одлука на Владата од април 2025 година, сопственоста на училишниот објект и имотот на училиштето од Општина Чаир беше преземена од Владата на Република Северна Македонија. Ова создава институционална основа за поорганизирано и поодржливо обезбедување основно образование за децата во воспитно-поправните установи.

Во однос на изработката на алатки за потребите на децата, донесувањето на Правилникот за формата и содржината на потврдата од извршена проверка на знаењето претставува значаен чекор за децата кои претходно не биле вклучени во настава. Со ова се создава основа за утврдување на нивното претходно знаење и за понатамошно вклучување во соодветно ниво на образование. Сепак, потребно е оваа активност да се надгради со поширок алатки за проценка на образовните, психосоцијалните и третманските потреби на децата, како и со индивидуални планови за работа.

Во делот на стручното образование, измените на Законот за средното образование овозможуваат реализација на бесплатно средно вонредно образование за лицата во КПУ и ВПУ, вклучително стручно, гимназиско и уметничко образование. Средното образование се реализира преку државните средни училишта – регионални центри за стручно образование и обука, на македонски, албански или турски наставен јазик. Во моментот функционираат седум вакви центри во Тетово, Куманово, Охрид, Велес, Битола, Струмица и Штип, а до крајот на 2027 година е предвидено воспоставување ваков центар и во Скопје. За лицата од двата затвори во Скопје, обврската за реализација на средното образование ја презеле центрите во Тетово, Велес и Куманово.

Според достапните податоци за учебната 2025/2026 година, во основно образование во Воспитно-поправниот дом Тетово се вклучени 20 деца (19 машки и 1 женско лице). Овој податок е особено значаен, бидејќи покажува дека законските и институционалните измени почнуваат да добиваат практична примена. Истовремено, потребно е да се обезбеди континуитет на образованието, редовно следење на напредокот на децата и соодветна координација меѓу Министерството за образование и наука, Управата за извршување на санкциите, воспитно-поправната установа и образовните установи.

Во делот на развојот на животни вештини и рехабилитациски програми, активностите се реализираат во ограничен обем. Стратешката рамка предвидува кратки програми за превенција, креативни работилници, структурирано користење на слободното време, спортски активности, психолошки третман и други третмански програми.

Од аспект на вкупната реализација, Стратешката цел 6 може да се оцени како делумно реализирана, со значителен напредок во законското и институционалното обезбедување пристап до основно и средно образование. Особено позитивни се измените на законите за основно и средно образование, донесените подзаконски акти, трансформацијата на училиштето „Антон Семјонович Макаренко“ во државно училиште и започнатата практична примена преку вклучување деца во образовниот

процес. Сепак, останууваат предизвици во однос на целосната практична имплементација, континуитетот на образованието, развојот на индивидуализирани алатки за проценка, кадровската поддршка и одржливоста на третманските и рехабилитациските програми.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 7: Подобрување на корпоративниот интегритет, јакнење на механизмите за справување со случаите на несоодветно постапување и корупција			
Стратешка цел 7.1 **Нулта толеранција за корупцијата**			
Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
7.1.1. Воведување на системски проверки при влезот во установата за целиот персонал и евиденција на истата	Реализирано / континуирано	🟢	Активноста се реализира преку системски претреси и проверки насочени кон спречување внесување недозволени предмети. Во 2025 година се извршени 2.300 претреси во КПУ и одземени се околу 1.100 мобилни телефони и други недозволени предмети, што укажува на активна примена, но и на потреба од продолжување на контролите.
7.1.2. Обука за принципите во Кодексот на однесување на затворски персонал во КПУ и ВПУ (основна обука за нововработените и континуирана обука на постојниот персонал)	Делумно реализирано / во тек	🟡	Активноста е делумно реализирана, бидејќи основната обука за нововработениот персонал се спроведува, но континуираната обука за постојниот персонал не била реализирана во текот на 2025 година. Во Годишниот план за обука за 2026 година се предвидени специјализирани обуки за препознавање, превенција и спречување корупција во КПУ и ВПУ, што треба да обезбеди продолжување на оваа активност.
7.1.3 Безбедносна проверка на кандидатите за затворската полиција	Реализирано / континуирано	🟢	Активноста е реализирана, бидејќи безбедносната проверка на кандидатите за затворската полиција се спроведува како дел од постапката за вработување. Потребно е оваа практика да продолжи доследно и документирано, со цел навремено спречување на ризици поврзани со интегритетот и безбедноста на затворскиот персонал.
7.1.4 Анализа за ризици од корупција и воспоставување на	Реализирано / во тек	🟢	Изготвена е анализа за проценка на ризици од корупција, а врз неа се подготвени годишни планови за проценка на ризици од

механизам за управување со такви ризици			корупција на УИС и на КПУ/ВПУ. Ова претставува значаен чекор кон системско управување со корупциските ризици, но потребно е редовно следење на спроведувањето.
7.1.5 Ревидирање на План за спречување корупција во националниот затворски систем со Акцискиот план	Реализирано / во тек	🟢	Планот за спречување корупција во пенитенцијарниот систем се применува преку редовни активности, квартални извештаи и годишен извештај за имплементација. Потребен е нов План. Дополнително, во 2025 година се донесени Политика на интегритет и Упатство за спречување судир на интереси, што ја зајакнува институционалната рамка.
7.1.6 Подобрување на соработката со граѓанското општество и отвореност кон јавноста	Реализирано / во тек	🟢	Соработката со граѓанскиот сектор е зајакната преку меморандуми за соработка со НВО а отвореноста кон јавноста е дополнително поддржана преку објавување квартални извештаи и информации за антикорупциски активности на веб-страницата на УИС.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 7 има вкупно 6 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🟢 Реализирано: 83%
- 🟡 Делумно реализирано / во тек : 17%
- 🔵 Континуирана активност со напредок: 0%
- 🔴 Нереализирано: 0%

Стратешката цел 7 е насочена кон јакнење на интегритетот, транспарентноста, отчетноста и антикорупциските механизми во пенитенцијарниот систем. Оваа цел опфаќа развивање внатрешни политики за интегритет, спречување судир на интереси, проценка и управување со ризици од корупција, јакнење на внатрешниот надзор, соработка со надлежните институции и граѓанскиот сектор, како и унапредување на јавната доверба во системот на извршување на санкциите.

Во текот на 2025 година Управата за извршување на санкциите презеде повеќе активности насочени кон зајакнување на институционалниот интегритет и спречување на корупцијата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Овие активности се реализираа во контекст на Планот за спречување на корупцијата во пенитенцијарниот систем 2022–2026, како и врз основа на претходно изготвената анализа за проценка на ризици од корупција.

Со цел унапредување на институционалната рамка, во 2025 година беа донесени два значајни внатрешни акти: Политика на интегритет на Управата за извршување на санкциите, донесена на 28 март 2025 година и Упатство за спречување судир на интереси, донесено на 9 мај 2025 година. Политиката на интегритет има за цел да ги зајакне законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и почитувањето на човековите права како основни принципи на добро управување во пенитенцијарниот систем. Упатството за спречување судир на интереси, пак, воспоставува обврски за вработените навремено да препознаваат, спречуваат и избегнуваат ситуации што можат да доведат до судир на интереси.

Во рамките на Управата се назначени и лица за интегритет, чија задача е да ја следат имплементацијата на мерките и активностите поврзани со јакнењето на интегритетот и спречувањето на корупцијата. Ова претставува важен институционален чекор, бидејќи антикорупциските политики не можат да останат само на формално ниво, туку бараат јасно определени лица, процедури и механизми за следење.

Врз основа на изготвената Анализа за проценка на ризици од корупција, изработен е Годишен план за проценка на ризици од корупција на Управата за извршување на санкциите за 2026 година. Дополнително, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, врз основа на сопствените анализи за проценка на ризици, изготвија годишни планови за проценка на ризици од корупција за 2026 година. Ова укажува на постепено пренесување на антикорупцискиот пристап од централно ниво кон самите установи, што е важно за препознавање на конкретните ризици во секоја институција.

Во согласност со Упатството за подароци, погодности и гостопримства во Управата за извршување на санкциите, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Управата доставува податоци до Државната комисија за спречување на корупцијата. Врз основа на добиените податоци од установите, во текот на 2025 година не се евидентирани случаи на примени подароци, погодности или гостопримства од страна на вработените, директорите или нивните заменици. Овој механизам е значаен од аспект на превенција, бидејќи овозможува следење на потенцијални ризици поврзани со неформално влијание, фаворизирање или злоупотреба на службената положба.

Во насока на зголемување на транспарентноста, согласно Планот за спречување на корупцијата во пенитенцијарниот систем, се подготвуваат квартални извештаи за преземените активности во борбата против корупцијата, кои се објавуваат на веб-страницата на Управата за извршување на санкциите. Подготвен е и годишен извештај за имплементација на преземените активности согласно Планот за спречување на корупцијата во пенитенцијарниот систем, кој се однесува на втората половина од 2024 година и 2025 година. Редовното објавување на вакви информации претставува позитивна практика, бидејќи ја зголемува јавната видливост на преземените мерки и овозможува поголема институционална отчетност.

Во текот на 2025 година Управата продолжи и со оперативни активности насочени кон спречување внесување и користење недозволени предмети во казнено-поправните установи. Во насока на реализација на активностите од Планот за борба против корупција, директорот на Управата продолжи со давање наредби за претреси во сите казнено-поправни установи. Според доставените податоци, во 2025 година биле извршени вкупно 2.300 претреси во сите КПУ, при што биле одземени околу 1.100 мобилни телефони и други недозволени предмети од осудени лица. Овие податоци укажуваат на зголемена оперативна активност, но истовремено и на сериозноста на

ризиците поврзани со внесување и користење недозволени предмети во установите. Во текот на првиот квартал за 2026 година беа извршени 732 претреси и одземени 525 мобилни телефони.

Значаен дел од активностите во 2025 година се однесуваат и на засилена институционална координација со органите за прогон. Директорот на Управата и службени лица од Управата реализирале координативни состаноци со Министерството за внатрешни работи, истражители во јавното обвинителство, министерот за внатрешни работи, обвинител надлежен за постапување по член 91 од Законот за извршување на санкциите, како и со надлежни обвинители за борба против корупција, особено во однос на корупцијата во КПУ и ВПУ. Ваквата координација е важна бидејќи корупцијата во пенитенцијарниот систем не може да се третира само како внатрешно дисциплинско прашање, туку бара соработка меѓу Управата, органите за внатрешни работи и обвинителството.

Во текот на 2025 година, врз основа на извршен надзор од Управата и приложени документи и докази за основано сомнение за сторено кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување, било подигнато обвинение против поранешен директор на Затвор Скопје. Според доставените податоци, во август 2025 година поранешниот директор бил осуден на казна затвор од осум месеци, а постапката е по жалба пред надлежен суд. Дополнително, против пет припадници на затворската полиција од Затвор Скопје била поведена постапка пред надлежното обвинителство.

Понатаму, во координација со истражители на Министерството за внатрешни работи кои работат во обвинителството надлежно за борба против корупција во КПУ и ВПУ, доставени се службени документи од КПД Идризово, Затвор Скопје, Затвор Струмица и КПД Струга. Во тек се постапки против припадници на затворската полиција од КПД Идризово, Затвор Струмица и КПД од отворен вид Струга пред Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Исто така, по извршен надзор на 28 март 2025 година во КПД Штип, од страна на Управата за извршување на санкциите и по констатирани неправилности во работењето на припадници на затворската полиција, поднесена е кривична пријава против пет припадници на затворската полиција до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

Овие случаи покажуваат дека во 2025 година антикорупциските активности не се ограничиле само на донесување документи и политики, туку опфатиле и конкретни надзорни, оперативни и процесни активности. Истовремено, тие укажуваат дека ризиците од корупција, злоупотреба на службената положба, внесување недозволени предмети и недоволен надзор и понатаму се сериозни предизвици во пенитенцијарниот систем.

Во текот на 2026 година имаме три пријави против припадници на затворската полиција до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Од страна на припадниците на Единицата за интервенции во првиот квартал за 2026 година извршени се вкупно 17 претреси во КПУ и пронајдени се 238 мобилни телефони и против осуднените лица поведени се дисциплински постапки.

Во соработка со ОЈО ГОКК и МВР спроведни се претреси во КПД Идризово, КПД Прилеп и Затвор Скопје и во тек е постапка против службените лица и осудени лица.

Во рамките на Годишниот план за обука за 2026 година, донесен од директорот на Управата за извршување на санкциите, предвидени се почетни обуки на нововработени лица во КПУ на тема антикорупциски мерки во установите, како и континуирана специјализирана обука на постојниот затворски персонал на тема практични антикорупциски мерки и постапки за сите КПУ и ВПУ.

Обуките треба да опфатат препознавање, превенција и спречување корупција, а нивното започнување се очекува од средината на јуни 2026 година. Ова е важно затоа што превенцијата на корупцијата бара не само правила и надзор, туку и континуирана едукација на персоналот за практични ризици и правилно постапување.

Во насока на унапредување на соработката со граѓанскиот сектор, на 18 ноември 2025 година е склучен Меморандум за соработка помеѓу Управата за извршување на санкциите и Транспаренси Интернешнл-Македонија. Со овој меморандум страните се обврзуваат на соработка и координација на активности насочени кон спречување на корупцијата во пенитенцијарниот систем. Ова претставува позитивен чекор кон поголема отвореност на Управата и вклучување на надворешна експертиза и граѓански надзор во областа на интегритетот и антикорупцијата.

Од аспект на вкупната реализација, Стратешката цел 7 покажува значителен напредок во нормативниот, институционалниот и оперативниот дел. Во 2025 година се донесени важни акти за интегритет и спречување судир на интереси, изработени се планови за проценка на ризици од корупција, воспоставени се механизми за известување за подароци, погодности и гостопримства, се објавуваат квартални извештаи, склучена е соработка со Транспаренси Интернешнл-Македонија и се преземени конкретни активности во однос на надзори, претреси и постапување по сомнежи за корупција и злоупотреби.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 8: Зајакнување на обезбедувањето на здравствена заштита за осудените лица, вклучително и заштита на менталното здравје			
Стратешка цел 8.1 **Функционална здравствена заштита**			
Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
8.1.1. Да се основа централизирано одделение во рамките на МЗ, надлежно за координирање на активностите	Делумно реализирано / во тек	🟡	Започнати се активности за формирање посебно одделение во Министерството за здравство кое треба да ја координира здравствената заштита во затворите, вклучително и измена на систематизацијата. Сепак, одделението сè уште не е целосно воспоставено и функционално.
8.1.2. Утврдување на минимално ниво на присутен медицински персонал во секоја установа, врз основа на анализа на потреби	Делумно реализирано / во тек	🟡	Министерството за здравство изготви табеларен приказ на постојниот здравствен кадар и можностите за нови вработувања согласно систематизациите во јавните здравствени установи. Сепак, минималното ниво на присутен медицински персонал по установа не е целосно обезбедено во практика.

8.1.3 Подобрување на координацијата меѓу двете министерства, со цел обезбедување функционална заштита	Делумно реализирано / во тек	🟡	Координацијата е подобрена преку состаноци меѓу МЗ, УИС, ФЗО и јавните здравствени установи, како и преку прифатен СОП за здравствена заштита. Потребна е редовна и институционализирана координација, со јасно поделени надлежности и следење на реалната примена.
8.1.4 Овозможување на доверлив пристап за осудените лица кон здравствени услуги	Делумно реализирано / во тек	🟡	Склучениот Меморандум со Фондот за здравствено осигурување и електронското пријавување од 1 јуни 2025 година претставуваат важен административен чекор за пристап до здравствени услуги. Сепак, доверливиот и еднаков пристап до здравствена заштита во сите установи останува делумно обезбеден.
8.1.5 Обезбедено мотивирање за здравствените работници во затворите, како и соодветни услови за работа	Делумно реализирано / во тек	🟡	Активностите за анализа на постојниот здравствен кадар и можностите за нови вработувања се позитивен чекор. Лекарите кои работат во КПУ и ВПУ имаат додаток на плата во висина од 30% по основ на ризик. Сепак, нема доволно податоци за воспоставени конкретни мерки за мотивирање на здравствените работници и за целосно подобрени услови за работа во затворските амбуланти.
Стратешка цел 8.2 **Обука на здравствените работници**			
8.2.1 Да се обезбеди почетна и континуирана обука за здравствените работници, вклучително и за медицинска етика и најчестите патологии во затворите (ментални нарушувања како и тие причинети од злоупотреба на супстанци,	Делумно реализирано / во тек	🟡	Реализирани се ограничени обуки поврзани со здравствени и психосоцијални теми, вклучително обука за работа со зависници и сторители на родово базирано насилство. Сепак, нема континуиран систем на обука за здравствените работници во сите предвидени области, особено за медицинска

самоубиствени намери, преносливи болести како ХИВ/АИДС, хепатит Б/Ц) и евиденција на повреди, како и посебни обуки за човековите права и чл. 3 ЕКЧП			етика, евиденција на повреди и член 3 од ЕКЧП.
Стратешка цел 8.3 Ментално здравје			
8.3.1 Редовен психијатриски третман за осудените лица со ментални нарушувања	Делумно реализирано / недоволно систематизирано	🟡	Во рамките на проектот „Борба против тортура и нехуман третман“ е обезбедено психолошко и психијатриско советување за 121 осудено лице. Сепак, оваа поддршка е проектна и не претставува редовен, системски и трајно обезбеден психијатриски третман во сите установи.
8.3.2 Да се преместат сите осудени лица со акутни ментални нарушувања во соодветна здравствена установа	Нереализирано	🔴	Нема доволно податоци дека е воспоставен функционален механизам со кој сите осудени лица со акутни ментални нарушувања навремено се преместуваат во соодветна здравствена установа. Ова останува сериозен системски предизвик.
8.3.3 Да се развие улогата на затворскиот психолог, особено во поглед на терапевтската клиничка работа	Нереализирано	🔴	Нема доволно податоци за системско развивање на улогата на затворскиот психолог во насока на терапевтска и клиничка работа. Потребни се јасни стандарди, дополнителна обука, кадровско јакнење и дефинирање на улогата на психологот во третманскиот процес.
8.3.4 Да се обезбеди постојана грижа за осудените лица кои се дијагностицирани со ментални нарушувања и по отпуст	Нереализирано	🔴	Постојат активности поврзани со пост-пенална поддршка, но нема воспоставен систем за континуирана грижа по отпуст за лица со ментални нарушувања. Потребна е координација со здравствените установи, центрите за социјална работа и пробациската служба.

Стратешка цел 8.4 **Медицински и психосоцијален третман за осудени лица кои злоупотребуваат супстанци**			
8.4.1 Да се идентификуваат симптомите на повлекување кои се причинети од злоупотреба на супстанци, лекови или алкохол, како и соодветни индивидуализирани мерки или третман при прием	Делумно реализирано / недоволно систематизирано		Реализирана е обука за работа со зависници и беше посетена терапевтската заедница „Покров“, што претставува позитивен чекор во јакнењето на капацитетите. Сепак, нема доволно податоци дека при прием во сите установи систематски се идентификуваат симптоми на повлекување и се применуваат индивидуализирани мерки.
8.4.2 Да се обезбедат заменски програми (кои се достапни во заедницата) и психосоцијален третман за осудените лица кои злоупотребуваат супстанци, како и терапија при предозирање	Нереализирано		Активноста не е реализирана во предвидениот обем. Нема податоци дека во КПУ и ВПУ се обезбедени заменски програми за осудени лица кои злоупотребуваат супстанци; нема податоци за системски достапен психосоцијален третман за оваа категорија лица; нема податоци за обезбедена терапија при предозирање; и нема податоци за унифицирана примена на овие услуги во сите установи. Реализираните обуки за работа со зависници претставуваат позитивна подготвителна активност, но не значат воспоставена и функционална услуга.
Стратешка цел 8.5 **Превентивни активности**			
8.5.1 Затворскиот медицински персонал има активна улога во спречување на малтретирањето на осудените лица	Делумно реализирано / континуирано		Правото на здравствена заштита и заштитата од несоодветно постапување се поддржани преку проектот „Борба против тортура и нехуман третман“. Сепак, потребно е појасно системско дефинирање на улогата на медицинскиот персонал во документирање повреди, препознавање малтретирање и известување.

8.5.2 Скрининг за инфективни болести (ХИВ, ТБ, Хепатитис Б/Ц) и психоактивни супстанци, како и советување	Нереализирано	🔴	Скринингот и советувањето се дел од очекуваната превентивна здравствена заштита, но нема доволно податоци за редовна, унифицирана и документирана примена во сите установи. Потребно е јасно следење на опфатот, резултатите и упатувањето кон третман.
8.5.3 Спречување на самоубиства и самоповредување	Нереализирано	🔴	Постојат активности поврзани со менталното здравје и психолошко-психијатриско советување, но потребна е целосна и унифицирана примена на мерки за превенција на самоубиства и самоповредување во сите установи, со јасни протоколи и обучен персонал.
8.5.4 Родово-чувствителни медицински проверки	Нереализирано	🔴	Нема доволно податоци дека родово-чувствителните медицински проверки се воспоставени како редовна и стандардизирана практика. Потребни се јасни процедури, обучен медицински персонал и посебно внимание на здравствените потреби на жените и другите ранливи категории.
Стратешка цел 8.6 **Надзор на квалитетот на здравствената заштита**			
8.6.1 Да се воспостават соодветни механизми за мониторинг за вршење надзор на квалитетот на здравствената заштита, како и стручен надзор за КПУ и ВПУ	Нереализирано	🔴	Иако се преземаат активности за подобра координација со Министерството за здравство и јавните здравствени установи, не е воспоставен целосен механизам за мониторинг и стручен надзор на квалитетот на здравствената заштита во затворите. Ова останува клучен услов за системско подобрување на здравствените услуги.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 8 има вкупно 17 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- Делумно реализирано / во тек: 56 %
- Нереализирано: 44 %
- Реализирано: 0%
- Континуирана активност со напредок: 0%

Стратешката цел 8 е насочена кон зајакнување на здравствената заштита на осудените лица, вклучително и обезбедување услуги од областа на менталното здравје, психијатриска поддршка, третман на зависности, пристап до примарна здравствена заштита и подобра институционална координација меѓу пенитенцијарниот систем и јавниот здравствен сектор.

Во текот на 2025 година беа реализирани повеќе активности насочени кон подобрување на здравствената заштита и поддршката за менталното здравје на осудените лица. Дел од активностите беа реализирани преку проектна поддршка и соработка со граѓански организации, а дел преку институционална координација меѓу Управата за извршување на санкциите, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и јавните здравствени установи.

Во рамките на проектот „Градење на услуги засновани на заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешно осудени лица“, во организација на Хелсиншкиот комитет за човекови права и партнерските организации Македонското здружение на млади правници, Македонското пенолошко друштво и организацијата Избор, на 21 и 22 мај 2025 година во Струмица беше одржана дводневна обука на тема „Справување со предизвици: обука за работа со зависници и сторители на родово базирано насилство“. Обуката ја поминаа вработени лица од Секторот за пробација при Управата за извршување на санкциите и вработени лица од секторите за ресоцијализација во казнено-поправните установи.

Оваа активност е значајна бидејќи ги поврзува здравствените, психосоцијалните и третманските аспекти на работата со осудени лица, особено кога станува збор за лица со зависности и лица кои сториле родово базирано насилство. Во рамките на истата активност беше реализирана и посета на терапевтската заедница „Покров“, која спроведува специјализирани програми за одвикнување од дрога, алкохол и хазард. Ваквата посета има значење од аспект на запознавање со можни модели на третман и рехабилитација надвор од затворската средина.

Во насока на почитување на правото на здравствена заштита и зајакнување на поддршката во областа на менталното здравје, во рамките на проектот „Борба против тортура и нехуман третман“, финансиски поддржан од Европската Унија, кој го спроведуваат Македонското здружение на млади правници и Хелсиншкиот комитет за човекови права, беа обезбедени бесплатна правна помош и психијатриско советување за осудени лица и деца во воспитно-поправната установа. Проектот се реализира врз основа на Меморандум за соработка меѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права, Македонското здружение на млади правници и Управата за извршување на санкциите.

Во текот на имплементацијата на проектот, психолошко или психијатриско советување било обезбедено за вкупно 121 осудено лице во казнено-поправните установи. Овој податок покажува дека постои реална потреба од психолошка и психијатриска поддршка во пенитенцијарниот систем. Истовремено, треба да се има предвид дека ваквата поддршка е обезбедена преку проектна

активност, што ја отвора потребата овие услуги да се институционализираат и да станат редовно достапни, а не да зависат само од временски ограничени проекти.

Напредок е забележан и во делот на институционалната координација за здравствената заштита во затворите. По одржан состанок со Министерството за здравство, Управата за извршување на санкциите, Фондот за здравствено осигурување и јавните здравствени установи, Министерството за здравство изготви табеларен приказ со податоци за постојниот здравствен кадар кој работи во КПУ и ВПУ, како и за можностите за нови вработувања согласно систематизираните работни места во јавните здравствени установи што ја покриваат здравствената заштита на осудените лица.

Во тек е и процес за формирање посебно одделение во Министерството за здравство кое треба да ги координира активностите поврзани со здравствената заштита во затворите. За таа цел е во тек измена на систематизацијата во Министерството за здравство, согласно Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем. Ова претставува важен институционален чекор, бидејќи еден од долгорочните проблеми во затворското здравство е токму нејасната и недоволно функционална координација меѓу пенитенцијарниот и здравствениот систем.

Во 2025 година беше склучен и Меморандум за соработка помеѓу Управата за извршување на санкциите и Фондот за здравствено осигурување, со цел подобрување на здравствените услуги за осудените лица преку електронско пријавување од страна на секоја КПУ и ВПУ. Фондот за здравствено осигурување изработи програма преку која установите ги внесуваат пријавите и одјавите, а Управата ги презема податоците за уплата на финансиски средства во Фондот. Овој електронски систем започна да функционира од 1 јуни 2025 година.

Воведувањето на електронско пријавување претставува практичен и значаен чекор кон подобрување на административниот пристап до здравствено осигурување и здравствени услуги за осудените лица. Ова е важно бидејќи здравствената заштита во затворите не зависи само од присуството на медицински кадар, туку и од уредно административно поврзување на лицата со системот на здравствено осигурување.

Во декември 2025 година беше склучен и Меморандум за соработка помеѓу Управата за извршување на санкциите и ЈЗУ Здравствен дом Скопје, со цел продлабочување на соработката и преземање активности за подобрување на здравствената заштита во КПД Идризово и Затвор Скопје. Ова е особено значајно имајќи предвид дека токму овие установи се меѓу најголемите и најоптоварените во пенитенцијарниот систем, со изразени потреби во областа на примарната здравствена заштита, специјалистичките услуги и менталното здравје.

Исто така, веќе ЈЗУ во градовите каде што се наоѓаат КПУ и ВПУ потребно е да ги обезбедуваат сите лекови за потребите на осудените и притворените лица како и децата без оглед дали се на позитивната листа или не.

И покрај преземените активности, реализацијата на Стратешката цел 8 останува делумна. Во 2025 година се направени важни чекори во однос на проектна психијатриска поддршка, обуки за работа со зависници и сторители на родово базирано насилство, електронско пријавување преку Фондот за здравствено осигурување, подготовка за подобра координација со Министерството за здравство и воспоставување соработка со ЈЗУ Здравствен дом Скопје. Сепак, системските проблеми во затворското здравство остануваат актуелни, особено во однос на недостигот од медицински кадар, ограниченият пристап до психијатриска и психолошка поддршка, третманот на зависности,

нееднаквиот пристап до здравствени услуги во различни установи и потребата од јасен институционален модел за координација.

Во извештајниот период продолжија и активности поврзани со проценка на можностите за воведување телемедицина во затворските амбуланти, како дел од поширокиите напори за јакнење на услугите достапни за осудените лица. Во рамките на проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем во Северна Македонија“, беа реализирани работни посети со експерт во Затвор Скопје и КПД Штип на 10 декември 2025 година, како и во КПД Идризово на 11 декември 2025 година. На 23 март 2026 година се одржа работилница на која беше презентиран извештајот од спроведената мисија во КПД Штип, КПД Идризово и Затвор Куманово за воведување телемедицина во КПУ.

Иако телемедицината примарно се поврзува со здравствената заштита, нејзиното разгледување е релевантно и за процесот на ресоцијализација и реинтеграција, особено кога станува збор за континуитет на здравствена, психолошка и психијатриска поддршка, подготовка за отпуст и поврзување со услуги во заедницата. Сепак, оваа активност сè уште е во фаза на проценка и планирање, а не на целосна примена.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 9: Зајакнување на образовните структури и структурите за обука врз основа на индивидуалните потреби			
Стратешка цел 9.1 **Обезбедување и подобрување на просторните и материјално - технички услови за одвивање на образовниот процес и стручно оспособување согласно Препораката на СЕ (89)12**			
Цел	Оценка и статус	Степен	Коментар
9.1.1 Анализа на тековната состојба и идентификување на потребите и потенцијалите на КПУ/ВПУ за организирање на наставниот процес, вклучувајќи го редовното и стручното образование	Делумно реализирано / реализирано во делот на образованието	🟡	Изработена е анализа на состојбата со степенот на образование на лицата во КПУ и ВПУ, со податоци за бројот на лица без оформено основно образование и просторните можности по установи. Сепак, анализата треба дополнително да се надгради во делот на средното образование, стручното образование и практичното оспособување.
9.1.2 Обезбедување соодветни простории за одвивање на образовниот процес и стручното образование (вклучително и практична работа)	Делумно реализирано / во тек	🟡	Анализата покажува дека само дел од установите располагаат со простории за образовен процес, додека други установи немаат соодветно опремени училници или имаат потреба од адаптација на постојни простории. Затоа

			активноста не може да се оцени како целосно реализирана, иако се идентификувани реалните просторни потреби.
9.1.3 Обезбедување на предуслови за широко користење на платформи за комуникација и други иновативни ИТ решенија за поголема достапност на курсевите/обуките за осудените лица	Нереализирано	🔴	Нема доволно податоци дека се воспоставени ИТ предуслови, комуникациски платформи или други иновативни решенија за широка достапност на курсеви и обуки за осудените лица. Овој дел останува особено важен за установите каде што нема соодветни просторни услови за класична настава.
Стратешка цел 9.2 **Зајакната соработка и координација со релевантни институции**			
9.2.1. Утврдување на Протокол со кој им се овозможува образование на осудените лица од страна на акредитирани институции	Нереализирано	🔴	Не е утврден текст ниту усвоен Протокол. Но, одржани се координативни средби меѓу МОН, УИС, државното училиште „А. С. Макаренко“, Бирото за развој на образованието и ВПД Тетово, со цел започнување на образовниот процес. Сепак, потребно е формализирање и доследна примена на јасен протокол за образование од акредитирани институции во сите КПУ и ВПУ.
9.2.2. Спроведување на Протоколот за образование на осудените лица, од страна на акредитирани институции	Нереализирано	🔴	Не е спроведен Протокол. Но, образовниот процес започна во дел од установите, вклучително и основно образование во ВПД Тетово и средно образование преку државни регионални центри.
Стратешка цел 9.3 **Спроведување на образованието за осудени лица, во согласност со Стратегијата за образование (2018-25)**			
9.3.1 Анализа на најчестите потреби на осудените лица за редовно и стручно образование	Делумно реализирано / реализирано во делот на	🟡	Анализата ги утврдува потребите на лицата без оформено основно образование по установи, пол, возраст и национална припадност. Потребно е

	основното образование		дополнување со анализа на потребите за средно образование, стручно образование, сертификати и обуки поврзани со вработливост.
9.3.2 Согласно анализата (9.3.1) и Протоколот (9.2.2), воведување и спроведување на основно и средно образование од страна на акредитирани институции	Делумно реализирано / во тек	🟡	Во ВПД Тетово се вклучени 20 деца во основно образование, а има пријавени лица за средно образование преку државни регионални центри. Активноста покажува значаен напредок, но сè уште не е обезбеден еднаков и континуиран пристап до основно и средно образование во сите установи.
9.3.3 Согласно анализата (9.3.1) и Протоколот (9.3.2), воведување и спроведување на обуки од стручно образование, од страна на акредитирани институции	Нереализирано	🔴	Иако се создаваат предуслови за средно образование, нема доволно податоци дека се воведени и редовно се спроведуваат обуки од стручно образование од акредитирани институции во КПУ и ВПУ. Потребно е јасно поврзување со акредитирани програми, практична обука и можност за стекнување сертификати.
9.3.4 Воведување и спроведување на обуки за одлучување и планирање, барање работа, основни способности за работа и меки способности/вработливост	Делумно реализирано / во тек	🟡	Програми за планирање кариера, подготовка за работа и активно барање работа постојат преку Центарот за стручно образование и обука, но нема доволно податоци дека тие системски се применуваат во КПУ и ВПУ. Потребни се кратки обуки и насоки за стручниот кадар за нивна практична примена во установите.
9.3.5 Широко користење на платформи за комуникација, како и други иновативни ИТ решенија за поголема достапност на курсевите/обуките за осудените лица	Нереализирано	🔴	Нема доволно податоци дека комуникациски платформи и ИТ решенија се широко достапни и функционално се користат за курсеви и обуки на осудените лица. Ова останува важен услов за проширување на пристапот до

			образование, особено во установи со ограничени просторни и кадровски капацитети.
9.4 Зајакнување на рехабилитациски структури кои го поддржуваат образованието на осудените лица			
9.4.1 Воведување и спроведување на обуки за вработените за оценувањето на интегриран ризик/потреби и модел за водење на предмети (опфаќа редовно и стручно образование)	Нереализирано / во тек	🔴	Нема доволно податоци дека се спроведени обуки за вработените за интегрирано оценување на ризик и потреби во делот на образованието. Ова треба да се поврзе со ревидирањето на алатката за проценка на ризик и индивидуалното планирање на третманот.
9.4.2 Интегрирање на образовните потреби на осудените лица, како дел од сеопфатното оценување на ризик/потреби и како дел од индивидуалните планови на казни	Делумно реализирано / континуирано	🟡	Образовните потреби се препознаени како важен дел од ресоцијализацијата, а анализата овозможува основа за нивно понатамошно интегрирање во индивидуалните планови. Сепак, потребна е унифицирана примена преку проценка на ризик/потреби и редовно следење во плановите за третман.
9.4.3 Адаптација на можностите за редовно и стручно образование кон индивидуалните потребни на осуденото лице	Делумно реализирано / континуирано	🟡	Започнатото основно и средно образование покажува напредок во прилагодување на образованието кон потребите на лицата во КПУ и ВПУ. Сепак, индивидуализацијата треба дополнително да се развие преку образовни планови, проценка на претходно знаење и пристап до различни форми на образование и обука.
9.4.4 Мотивирање на осудените лица за вклучување во образовниот процес, каде што се земаат предвид нивните достигнувања во образованието при предлагање/одлучување за измена на режимот и ран отпуст	Делумно реализирано / континуирано	🟡	Вклучувањето во образовниот процес може да има позитивно влијание врз ресоцијализацијата и индивидуалниот напредок на осудените лица. Сепак, нема доволно податоци дека образовните достигнувања

			системски се земаат предвид при одлучување за измена на режимот или ран отпуст.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 9 има вкупно 14 активности чиј степен на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🟡 Делумно реализирано / во тек: 57 %
- 🔴 Нереализирано: 43%
- 🟢 Реализирано: 0%
- 🔵 Континуирана активност со напредок: 0%

Стратешката цел 9 е насочена кон зајакнување на образовните структури и развој на можности за образование, стручно оспособување и обука на осудените лица и децата сместени во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Целта е образованието да се третира како суштински дел од процесот на ресоцијализација, реинтеграција и намалување на ризикот од повторништво, а не само како формално право или повремена активност.

Во текот на 2025 година е постигнат значителен напредок во делот на воспоставување законски, институционални и практични предуслови за организирање образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. По измените на законската рамка и донесувањето на подзаконски акти од страна на Министерството за образование и наука, во јуни 2025 година во просториите на Министерството беа одржани две средби со претставници од Министерството за образование и наука, Управата за извршување на санкциите, државното училиште за образование на возрасни „А. С. Макаренко“, Бирото за развој на образованието и ВПД Тетово. Целта на овие средби беше започнување на образовниот процес во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во учебната 2024/2025 година.

Овие активности претставуваат важен исчекор, имајќи предвид дека образованието подолг период не се реализираше системски и континуирано во сите установи. Анализата на состојбата со степенот на образование на лицата во КПУ и ВПУ покажува дека заклучно со 31.12.2024 година од вкупно 2401 лице кои издржувале казна затвор, без оформено образование биле 327 лица, од кои 311 осудени лица и 16 деца кои издржуваат воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом. Кај осудените лица без образование, 280 биле од машки, а 31 од женски пол. Ваквите податоци јасно укажуваат дека образованието претставува една од клучните системски потреби во пенитенцијарниот систем.

Особено значајна е состојбата кај децата во воспитно-поправната установа. Според анализата, од вкупно 26 деца во ВПД Тетово, 16 деца биле без оформено основно образование, што претставува 64% од вкупниот број деца. Ова ја потврдува потребата образованието на децата во ВПУ да биде поставено како приоритет, бидејќи навременото и соодветно вклучување во образовниот процес е директно поврзано со нивната ресоцијализација, личен развој и идната реинтеграција.

Во делот на практичната реализација, основното образование започна да се реализира во ВПД Тетово односно каде што во учебната 2025/2026 година се вклучени 20 деца. Од нив, едно е девојче,

а 19 се момчиња. Според етничката припадност, 14 деца се Роми, 3 Македонци, 2 Турци и 1 Албанец, додека според возраста најголем дел се на возраст од 16 до 18 години. Овој податок е важен бидејќи покажува дека законските измени почнуваат да се преточуваат во практична примена и дека пристапот до основно образование во ВПУ станува реално остварлив.

Напредок е забележан и во делот на средното образование. Според доставените податоци, во ВПД Тетово со средно образование се опфатени 9 деца. Дополнително, образовни активности за средно образование се започнати или се во фаза на подготовка во повеќе казнено-поправни установи. Во Затвор Куманово 8 осудени лица полагале испити за средно образование; во Затвор Гевгелија се вклучени 7 лица; во Затвор Охрид се очекува започнување со 1 лице; во Затвор Тетово се опфатени 3 осудени лица; во КПД Штип процесот е во фаза на започнување и се планира вклучување на 29 осудени лица; во Затвор Струмица се опфатени 10 лица; додека во КПД Идризово е во фаза на започнување средно образование за 12 осудени лица и основно образование за 24 осудени лица.

Дополнителниот табеларен преглед за февруари 2026 година покажува дека пријавени ученици за стекнување средно образование има во повеќе државни средни училишта – регионални центри за стручно образование и обука. Пријавени се 3 лица во „Моша Пијаде“ – Тетово, 8 лица во „Киро Бурназ“ – Куманово, 1 лице во „Ванчо Питошески“ – Охрид и 17 лица во „Никола Карев“ – Струмица. Ова укажува на постепено проширување на пристапот до средно образование за лицата во КПУ и ВПУ, но и на потребата од редовно следење на бројот на запишани лица, присуството, полагањето испити и завршувањето на образовниот процес. Во Затвор Струмица образовниот процес за учебната 2025/2026 година заврши и едно осудено лице успешно ја заврши првата година во средно образование.

Во однос на просторните услови, анализата покажува дека состојбата е нерамномерна. Само дел од установите располагаат со простории што можат да се користат за образовен процес. КПД Идризово, КПД Штип, КПД Прилеп, Затвор Струмица, Затвор Охрид и Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка располагаат со одредени простории или училници, додека Затвор Скопје, Затвор Гевгелија, Затвор Битола и КПД од отворен вид Струга немаат соодветно опремени простории за организирање на образовниот процес. Во ВПД Тетово постојат две училници, опремени со клупи, столчиња, катедра, табла, лаптопи и друг помошен наставен материјал. Ова покажува дека, иако е направен значаен напредок во законската и институционалната рамка, материјално-техничките услови за образование сè уште не се еднакво обезбедени во сите установи.

Во делот на индивидуалните потреби и стручното оспособување, од значење е тоа што Министерството за образование и наука укажува дека во рамките на системот треба да се прави разлика меѓу основно образование, средно образование и стручно образование. Особено е важно во идниот период активностите да не се сведат само на запишување лица во формален образовен процес, туку да се обезбеди реална можност за стекнување знаења, квалификации, сертификати и практични вештини што ќе им помогнат на осудените лица и децата по отпустот.

Во текот на 2025 година Управата за извршување на санкциите склучи повеќе меморандуми за соработка со институции и организации, со цел зајакнување на меѓуинституционалната соработка во различни области од функционирањето на пенитенцијарниот систем. Од аспект на Стратешката цел 9, особено значајни се меморандумите кои можат да придонесат кон унапредување на образованието, стручното оспособување, практичната работа и развојот на вештини кај осудените

лица. Во оваа насока, релевантни се меморандумите за соработка со Факултетот за безбедност – Скопје, Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот студентски дом – Скопје, како и Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта. Овие форми на соработка можат да претставуваат основа за развој на образовни, практични, работно-оспособувачки и други активности кои се поврзани со ресоцијализацијата и подготовката на осудените лица за реинтеграција по отпуст.

Од аспект на вкупната реализација, Стратешката цел 9 покажува значителен напредок во 2025 година, особено во делот на институционалната координација, започнувањето на основното образование во ВПД и постепеното воведување средно образование во повеќе установи. Сепак, целта не може да се оцени како целосно реализирана, бидејќи остануваат предизвици поврзани со континуитетот на образовниот процес, просторните услови, еднаквиот пристап во сите установи, реалната достапност на стручно образование и практична обука, како и систематското следење на образовниот напредок на осудените лица и децата.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 10: Адресирање на радикализацијата која води кон насилен екстремизам во затворите	
Стратешка цел 10.1 Имплементација на стратешките документи: - Национална стратегија за борба против тероризам (2018-2022) - Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022)	Континуирано Во тек

● Континуирана активност со напредок – Стратешката цел 10 се следи и оценува во рамките на посебни стратегии и затоа не се предмет на детална анализа во овој извештај.

Стратешката цел 10 не беше предмет на детална дискусија во рамките на финалната евалуациска сесија, имајќи предвид дека областа на спречување радикализација и насилен екстремизам во затворите е опфатена со посебни стратешки и политички рамки. Активностите во оваа област се следат и спроведуваат првенствено преку Националната стратегија за спречување насилен екстремизам 2023–2027 и Националната стратегија за борба против тероризам 2023–2027, како и преку придружните акциски планови.

И покрај тоа, во извештајниот период продолжија активности поврзани со јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем за препознавање, проценка и третман на ризици од радикализација. Тие опфаќаат обуки за затворски персонал, активности поврзани со проценка на ризик и скрининг, подготовка пред отпуст и пост-пенална поддршка за радикализирани осудени лица, како и соработка со Советот на Европа во рамките на регионални иницијативи за справување со радикализација во пенитенцијарни установи. Поради постоењето на посебна стратешка рамка и специјализирани механизми за следење, оваа цел не се оценува детално во рамките на овој извештај.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 11 Пробација	
Стратешка цел 11.1 Имплементација на Стратегијата за развој на пробациската служба (2021-2025)	Континуирано Во тек

🔵 Континуирана активност со напредок – Стратешката цел 11 не е предмет на детална оценка во рамките на овој извештај, бидејќи нејзината имплементација и следење се врши преку Стратегијата за развој на пробациската служба, акциски план и посебен механизам за мониторинг, при што активностите континуирано се спроведуваат и унапредуваат.

Стратешката цел 11 не беше предмет на детална дискусија во рамките на финалната евалуациска сесија, имајќи предвид дека развојот на пробациската служба се следи и спроведува преку посебна стратешка, законска и институционална рамка. Во оваа област паралелно се спроведуваат активности поврзани со унапредување на пробациската служба, јакнење на нејзините човечки и институционални капацитети, зголемување на бројот на пробациски предмети и подобрување на меѓуинституционалната соработка.

Во извештајниот период продолжија реформските активности поврзани со подготовка на нов Закон за пробација, подготовка на нова Стратегија на пробациската служба со Акциски план, ревидирање на Инструментот за проценка на ризик, спроведување на план за промоција на службата, изработка на анализа и проценка, унапредување на практичната примена на пробациските мерки, развој на механизми за електронски надзор и поврзување на пробацијата со процесите на подготовка пред отпуст, пост-пенална поддршка и реинтеграција, обуки, состаноци и тркалезни маси со клучни чинители, како и регионални мисии. Бројот на новопримени предмети во 2021 година бил 451, а во 2025 година бил 960, со што истиот е зголемен за 50 % во периодот на важност на оваа Стратегија. Најголемиот дел од стратешкте цели и активности спроведени се со поддршка на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" Поради постоењето на посебни тековни реформски процеси и механизми за следење на пробациската служба, оваа цел не се оценува детално во рамките на овој извештај.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 12 Воведување ефикасни внатрешни и надворешни механизми за комуникација насочени кон поддршка на ресоцијализацијата			
Стратешка цел 12.1 **Воведување механизми за внатрешна и надворешна комуникација**			
Цел	**Оценка и статус**	**Степен**	**Коментар**
12.1.1 Ревидирање на Стратегијата за внатрешна и надворешна комуникација	Реализирано Во тек	🟢	Ревидирањето на Стратегијата за внатрешна и надворешна комуникација беше спроведено преку формирање работна група и реализација на обуки за нејзините членови, со поддршка на Совет на

			Европа. Ревидираната стратегијата е финализирана и објавена на веб-страницата на Управата за извршување на санкции. Стратегијата претставува значаен документ за унапредување на транспарентноста, комуникацијата и довербата во затворскиот систем. Во наредниот период потребно е да се продолжи со спроведување на активностите и мерките предвидени во Стратегијата, со цел нејзина целосна и ефективна имплементација.
12.1.2 Да се подигне јавната свест за прашања поврзани со затворите и да се олесни соработката со медиумите	Континуирано / во тек		УИС континуирано објавува информации, активности, законски и подзаконски акти и позитивни примери преку веб-страницата и социјалните медиуми. Потребно е јавната комуникација дополнително да се систематизира, вклучително и преку можност за редовен е-билтен или други форми на периодично информирање.
12.1.3 Континуирана обука на директори на затвори и нивни заменици за делотворна употреба на медиумите	Реализирано / потребен континуитет		Во февруари 2025 година беше реализирана обука за директорите на КПУ и ВПУ на тема Стратегија за внатрешна и надворешна комуникација, со поддршка на Советот на Европа. Потребно е оваа активност да продолжи како редовна обука, особено за комуникација во чувствителни и кризни ситуации.
12.1.4 Да се изготват протоколи за комуникација со институции насочени кон поддршка за ресоцијализација и реинтеграција, како и протокол за комуникација на УИС со КПУ/ВПУ при кризи (бегство, самоубиство, убиство, корупција итн.).	Делумно реализирано / во тек		Одредени елементи на комуникација во ризични ситуации се опфатени во постојни документи, како што се СОП за спречување самоубиства, СОП за постапување при бегство на осудено лице, СОП за спречување на бунт во КПУ и др. Но сепак е потребно нивно унапредување и целосна примена на истите од страна на КПУ.

12.1.5 Промоција на важноста и улогата на затворскиот персонал во јавноста	Континуирано / во тек	🔵	УИС објавува позитивни активности, институционални практики и примери поврзани со работата на установите и затворскиот персонал. Сепак, потребно е оваа активност да се развие посистематски, преку редовно прибирање и промовирање позитивни примери од КПУ и ВПУ.

🟢 Реализирано 🟡 Делумно реализирано / во тек 🔴 Нереализирано 🔵 Континуирана активност со напредок

Во стратешката цел 12 има вкупно 5 активности и степенот на реализација е претставен во проценти и тоа:

- 🟢 Реализирано: 40%
- 🔵 Континуирана активност со напредок: 40%
- 🟡 Делумно реализирано / во тек: 20%
- 🔴 Нереализирано:0%

Стратешката цел 12 е насочена кон зајакнување на внатрешната и надворешната комуникација во пенитенцијарниот систем, подобрување на транспарентноста на Управата за извршување на санкциите и казнено-поправните установи, развивање капацитети за комуникација со јавноста и медиумите, како и унапредување на јавната перцепција за улогата на пенитенцијарните установи и затворскиот персонал во процесот на ресоцијализација и реинтеграција.

Во текот на извештајниот период е забележан е напредок во реализацијата на активностите поврзани со комуникацијата во пенитенцијарниот систем. Со поддршка на Советот на Европа, во рамките на проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем во Северна Македонија“, продолжија активностите за ревидирање и имплементација на Стратегијата за внатрешна и надворешна комуникација. За таа цел беше формирана работна група од претставници од Управата за извршување на санкциите кои учествуваа во активности и обуки поврзани со комуникација, односи со јавност и институционална транспарентност. Како резултат на овие активности, Стратегијата беше успешно ревидирана и објавена на веб-страницата на Управата за извршување на санкции. Имајќи го предвид нејзиното значење за понатамошен развој на комуникациските процеси во затворскиот систем, потребно е да се продолжи со реализација на активностите и мерките предвидени во Стратегијата, со цел обезбедување на нејзина целосна и ефективна имплементација.

Во делот на зголемување на јавната свест и транспарентноста, Управата за извршување на санкциите продолжи редовно да објавува информации, извештаи и активности преку својата официјална веб-страница и социјалните медиуми. Континуирано беа промовирани активности, позитивни институционални практики, примери на успешни активности, како и информации поврзани со рехабилитација, ресоцијализација и работата на пенитенцијарните установи. Овие активности имаат значење за јакнење на довербата на јавноста и за подобрување на перцепцијата за улогата на затворскиот персонал и установите.

Во однос на комуникацијата со медиумите и јавноста, со поддршка на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје беа организирани обуки за директорите и замениците директори на казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Ова претставува позитивен чекор, бидејќи раководните лица имаат клучна улога во јавната комуникација, особено кога станува збор за објаснување на реформските процеси, комуникација во чувствителни ситуации и претставување на работата на установите на професионален и одговорен начин.

Во делот на воспоставување механизми за кризна комуникација, напредокот е ограничен. Иако одредени елементи поврзани со комуникација во ризични ситуации се опфатени во постојни стратешки и оперативни документи, сè уште не се целосно развиени и операционализирани сеопфатни протоколи и стандардни оперативни процедури за кризна комуникација. Ова особено се однесува на ситуации како бегство, насилни инциденти, случаи поврзани со корупција, сериозни безбедносни настани или други вонредни околности што можат да предизвикаат јавен интерес и потреба од брза, точна и координирана институционална реакција.

Во делот на промоција на улогата и видливоста на затворскиот персонал, Управата за извршување на санкциите преземаше континуирани активности. Според информациите презентирани во рамките на евалуацискатa сесија, директорот на Управата редовно поддржувал и промовирал активности насочени кон подобрување на јавниот имиџ и видливоста на затворскиот персонал и пенитенцијарните установи. Преку официјалната веб-страница и социјалните медиуми беа објавувани институционални активности, позитивни примери, рехабилитациски иницијативи и ангажман на персоналот, со цел создавање попозитивна перцепција и кај вработените и кај пошироката јавност.

И покрај постигнатиот напредок, Стратешката цел 12 останува делумно реализирана. Видливи се позитивни чекори во делот на јавната комуникација, транспарентноста, објавувањето информации, обуките за раководен кадар и промоцијата на улогата на затворскиот персонал. Сепак, потребно е понатамошно јакнење на системот за внатрешна комуникација, воспоставување целосно функционални механизми за кризна комуникација, изработка и примена на стандардни оперативни процедури, како и обезбедување одржливи комуникациски практики во сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

ЗАКЛУЧНО СОГЛЕДУВАЊЕ:

Во рамките на Националната стратегијата од вкупно 97 активности, само 25% од активностите остануваат воопшто нереализирани додека 75% се реализирани, делумно реализирани или се спроведуваат како континуирани активности со напредок, што покажува напредок во реализација на предвидените активности**.**

ПРЕПОРАКИ

1. **Инфраструктура и материјални услови**

• Да се забрза реализацијата на големите инфраструктурни и реконструктивни проекти, особено во КПД Идризово, и да се обезбедат стабилни буџетски средства за завршување на започнатите и одложените проекти.
• Да се развие долгорочен и одржлив пристап за намалување на пренатрупаноста, заснован на системски реформи, подобро управување со капацитетите и поголема примена на алтернативните мерки, наместо на ад хок решенија.
• Да продолжат активностите за подобрување на сместувачките услови, санитарните и хигиенските услови, здравствената инфраструктура и техничките капацитети во сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи.
• Да се обезбеди реализација на планираниот сигурен и унифициран телекомуникациски систем во сите установи, во согласност со безбедносните потреби и правото на контакт со надворешниот свет.
• Да се зајакнат механизмите за инвестициско планирање и да се намали зависноста од фрагментирани и поединечни донаторски интервенции.

2. **Човечки ресурси, обука и професионализација**

• Да продолжи спроведувањето редовни, структурирани и практично применливи програми за професионална обука на затворскиот персонал, пробациските службеници, раководниот кадар и вработените во Управата за извршување на санкциите.
• Да се воспостави целосно одржлив и институционализиран систем за континуиран професионален развој во рамките на пенитенцијарната администрација.
• Да се адресираат кадровските недостатоци, особено во затворската полиција, здравствените служби, секторите за ресоцијализација и специјализираните третмански служби.
• Да се зајакнат обуките за раководниот кадар, особено во областите на лидерство, кризен менаџмент, институционална комуникација, динамичка безбедност и управување со персонал.
• Да се унапреди родовата застапеност и еднаквиот пристап до унапредување и професионален развој во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

3. **Надзор, отчетност и институционално управување**

• Да се зајакнат внатрешните и надворешните механизми за надзор и да се обезбеди поефикасно спроведување на препораките на КПТ, Народниот правобранител/Националниот превентивен механизам, Државниот завод за ревизија и другите релевантни мониторинг тела.
• Да се финализираат и операционализираат унифицираните алатки за надзор, ревидираните прирачници и стандардизираните процедури за вршење стручен надзор во сите установи.

• Да се воспостават постојани механизми за следење, евалуација и известување за реализацијата на стратешките реформи, со јасни рокови, носители и мерливи показатели.
• Да се обезбеди посилно вклучување на надворешните надзорни тела, вклучително Народниот правобранител/НПМ и граѓанските организации, во идните процеси на следење и евалуација.
• Да се преиспита составот, мандатот и методологијата на работа на работната група задолжена за подготовка на идната стратешка рамка за развој на пенитенцијарниот систем.

4. Безбедност и сигурност

• Да продолжи јакнењето на динамичката безбедност и да се обезбеди доследна примена на соодветни процедури, стандарди и практики во сите установи.
• Да се обезбеди целосна оперативна функционалност на интервентните единици и структурите за затворско разузнавање, преку соодветно кадровско екипирање, обука, јасни надлежности и стандардизирани процедури.
• Да се финализира и воспостави стандардизиран систем за евидентирање на насилство, употреба на сила, безбедносни инциденти и релевантни интеракции меѓу персоналот и осудените лица.
• Да се подобри функционалноста, покриеноста и стандардизацијата на системите за видеонадзор, вклучително и преку донесување соодветни правила, СОП и обуки за користење на опремата.
• Да се зајакнат механизмите за спречување меѓузатвореничко насилство, неформални хиерархии, прекумерна употреба на сила и други ризици поврзани со безбедноста и третманот на осудените лица.

5. Ресоцијализација, образование и реинтеграција

• Да продолжи развојот на индивидуализирани третмански програми, структурирана подготовка пред отпуст и пост-пенална поддршка на осудените лица.
• Да се финализира ревизијата и да започне практичната примена на алатките за проценка на ризик и потреби на осудените лица, со соодветна обука на стручниот персонал.
• Да се прошири пристапот до значајни рехабилитациски активности, стручно оспособување, образовни програми, работно ангажирање и конструктивни слободни активности во сите установи.
• Да се обезбеди целосна и одржлива имплементација на образовните програми во соработка со Министерството за образование и наука, акредитираните образовни институции и релевантните центри за стручно образование и обука.
• Да се зајакнат услугите во заедницата за реинтеграција на поранешно осудени лица, преку координација со пробациските служби, центрите за социјална работа, граѓанските организации, локалните институции и други даватели на услуги.
• Да се подобрат условите, третманските програми, образованието и индивидуализираната поддршка за децата сместени во воспитно-поправната установа.

6. Здравствена заштита и ментално здравје

• Да се формира централизирано одделение во рамките на Министерството за здравство кое ќе ја координира здравствената заштита во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, вклучително планирањето, спроведувањето, следењето и унапредувањето на здравствените услуги, како и координацијата меѓу надлежните институции.
• Да се зајакне здравствената заштита во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, со посебен фокус на психијатриската и психолошката поддршка.
• Да се зголеми достапноста на здравствени работници во установите, вклучително лекари, психијатри, психолози, стоматолози, гинеколози и други потребни здравствени профили.
• Да се воспостават функционални програми за третман на лица кои злоупотребуваат супстанци, вклучително заменски програми, психосоцијален третман и терапија при предозирање.
• Да продолжат активностите поврзани со воведување телемедицина и подобрување на координацијата меѓу Управата за извршување на санкциите, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и јавните здравствени установи.
• Да се обезбеди континуитет на здравствената и ментално-здравствената поддршка за време на издржувањето на казната и по отпустот, особено за лицата со ментални нарушувања и лицата со зависности.
• Да се воспостават механизми за мониторинг и стручен надзор на квалитетот на здравствената заштита во затворите.

7. Интегритет, транспарентност и комуникација

• Да продолжи јакнењето на антикорупциските механизми, политиките на интегритет и процедурите за спречување судир на интереси во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.
• Да се обезбеди доследна практична примена на етичките стандарди, обврските за транспарентност и механизмите за отчетност.
• Да се продолжи со редовна проценка и управување со ризиците од корупција, преку годишни планови, квартални извештаи, редовни проверки и постапување по утврдени неправилности.
• Да се финализираат и операционализираат протоколи за кризна комуникација и стандардни оперативни процедури за комуникација во вонредни ситуации, вклучително бегство, насилни инциденти, самоубиство, корупција и други настани од висок јавен интерес.
• Да продолжи промовирањето на транспарентноста, институционалната видливост и позитивната јавна перцепција за улогата на затворскиот персонал, ресоцијализацијата и рехабилитациските активности.
• Да се воспостават одржливи комуникациски механизми, вклучително редовно јавно известување, периодични билтени и систематско објавување позитивни практики од установите.

8. Одржливост и идно стратешко планирање

• Да се разгледа можноста за продолжување, ревидирање и надградување на постојната Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем, наместо автоматско донесување целосно нова стратешка рамка. Во рамките на финалната мониторинг и евалуациска сесија беше укажано дека, и покрај значителните доцнења и структурни предизвици, во периодот 2021–2025 сепак е постигнат значаен степен на реализација.

• При идното планирање да се земе предвид дека голем дел од суштинските стратешки приоритети најверојатно ќе останат релевантни и во наредниот период, особено нерешените инфраструктурни прашања, како што се завршувањето на тендерската постапка и изградбата на новите објекти во КПД Идризово. Без финализирање на овие клучни структурни проекти постои ризик истите приоритети и имплементациски слабости повторно да се пренесат во следниот стратешки циклус.
• Да се разгледа подготовка на ревидирана и надградена верзија на постојната Стратегија, придружена со ревидиран Акциски план, ажурирани рокови за имплементација, финансиски проекции и мерливи показатели. Таквиот пристап би овозможил продолжување на делумно реализираните и нереализираните активности, со нови реални рокови и јасно утврдени приоритети, евентуално во рамка за периодот 2026–2028 или 2026–2030.
• Да се зајакне методологијата за следење и евалуација преку почести теренски проценки и непосредна проверка на степенот на реализација во самите казнено-поправни и воспитно-поправни установи, наместо доминантно потпирање на писмени институционални извештаи. Идните евалуациски процеси треба да вклучуваат директен увид во реализираните активности и состојбите на терен, иако таквиот пристап бара повеќе време, координација и институционален ангажман.
• Да се обезбеди посилна меѓуинституционална координација, реално финансиско планирање и континуитет на реформите независно од институционални или политички промени.
• Да се воспостави редовен механизам за периодична ревизија на стратешките приоритети, роковите и показателите, со цел стратегијата да остане применлива, реална и усогласена со фактичките состојби во пенитенцијарниот систем.